ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

ВО 2023 ГОДИНА

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА во 2023 ГОДИНА

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ИЗДАВАЧ:
Хелсиншки комитет за човекови права,
претставуван од претседателката на УО, проф. д-р Неда Здравева

УРЕДНИЧКА:
Уранија Пировска, извршна директорка

ЈАЗИЧНА РЕДАКЦИЈА:
Весна Костовска

ДИЗАЈН:
Билјана Иванова

СОДРЖИНА

ВОВЕД 7
БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ 9
ПРАВОСУДСТВО 13
РАБОТНИЧКИ ПРАВА 16
ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА 22
РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ПЛАТФОРМА „МЕДУЗА“ 27
ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ 34
ДИГИТАЛНИ ПРАВА И СЛОБОДИ 42
ГОВОР НА ОМРАЗА 43
КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА 48
ЛГБТИ ПРОГРАМА 56
САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ЧОВЕКОВАТА ДИМЕНЗИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО СО ОБСЕ 60

ВОВЕД

Освен тешката ситуација со воената инвазија на Русија врз Украина, која не стивна ниту во 2023 година, во Газа, светот беше сведок на најголемата хуманитарна катастрофа по Втората светска војна. Огромен број возрасни и особено деца не само што се убиени во воените напади, туку секојдневно умираат од глад и од дехидрација. Оваа катастрофа ја извади на виделина кризата на борбата за човековите права на глобално ниво, особено со ширењето на авторитарните влади, кои му штетат на меѓународниот поредок со кршење на меѓународното право и игнорирање на основните права. Масовните протести ширум светот, во кои учествуваа и припадници на еврејската заедница, покажаа дека голем дел од светската јавност е против тоа што се случува во Газа, но неизвесно е кога ќе заврши оваа криза. Она што е очигледно е дека и натаму се зголемува јазот помеѓу богатите и сиромашните, и повторно жртви се најранливите групи граѓани.

Во Република Северна Македонија, врз основа на наодите за 2023 година, коишто произлегуваат од работата на Хелсиншкиот комитет за човекови права, може да се констатира дека не е направен значаен напредок во законскиот и во институционалниот систем за заштитата и унапредувањето на човековите права.

Годината ја одбележаа случувања поврзани со засилено и нескриено дејствување на антиродовите движења. Тие ги користат родот и сексуалноста како клучен дел од нивната реторика, врамувајќи ги прашањата како што се репродуктивните права, правата на ЛГБТИ+ и родовата еднаквост на начини што поттикнуваат страв и поделеност во општеството. Антиродовите движења, служејќи се со пропаганда, притисок во општините и државните институции, дезинформации и говор на омраза при јавен говор, влијаеја да не се изгласа новиот Закон за родова еднаквост.

Заеднички именител при изборот на нови членови на Државната комисија за спречување корупција и Државната комисија за спречување и заштита од дискриминација беа партизацијата и изигрувањето на процесот на избор.

Состојбите со Судскиот совет и измените на Кривичниот законик, како и измените на законите поврзани со договорот со конзорциумот „Бехтел и Енка“ јасно ги покажаа системските слабости во правосудниот систем и во релацијата помеѓу законодавната и судската власт.

По измените на Кривичниот законик во септември 2023 година, граѓанските организации сметаа дека е беспредметно да учествуваат во постапка што суштински го озаконува незаконитото.

Имајќи ја предвид разнишаната доверба на граѓаните во судството, Хелсиншкиот комитет вршеше мониторинг на судски постапки на барање на граѓани или постапки од поширок општествен интерес. Во текот на 2023 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права обезбеди правна помош за 307 граѓани од областа на работните односи, социјалната и здравствена заштита, заштитата на деца, семејното и родово базирано насилство, пензиското и инвалидско осигурување, имотноправните односи, кривичноправните и други области. Кога станува збор за работничките права, продолжија да се чувствуваат последиците од енергетско-економската криза предизвикана од нестабилноста на светските пазари и растот на цени-

те на глобално ниво, што резултираше со пораст на цените на производите и услугите, висока инфлација и пад на животниот стандард на работниците. Наместо да се донесе Законот за работните односи, кој би ја подобрил положбата на работниците, се тргна во сосема спротивна насока и се изгласаа измени во ЗРО што одат во прилог на конзорциумот „Бехтел и Енка".

Во текот на 2023 година, Хелсиншкиот комитет спроведе 10 посети во казнено-поправните установи. И покрај заложбите на државата, на меѓународните и домашните организации за подобрување на условите во казнено-поправните установи, сè уште постојат сериозни системски недостатоци. Осудените лица немаат соодветен пристап до здравствена заштита, материјалните услови за живеење им се мизерни, а програмите за ресоцијализација, условите за нивно имплементирање и постпеналната помош сè уште се недоволни и неприменливи. Корупцијата и митото се дел од секојдневието на осудените лица. Во однос на маргинализираните заедници, Ромите сè уште се несразмерно подложени на тортура и понижувачки третман.

Генерално, една од најголемите закани за заштитата на човековите права и борбата против дискриминацијата е недовербата на граѓаните во институциите.

Кога станува збор за степенот на намалувањето на маргинализираниот статус на ромската заедница во општество, доволно говори податокот дека судскиот процес против сегрегација на децата Роми трае веќе три години.

Во 2023 година, Апелациониот суд Скопје целосно ја потврди пресудата на Основниот граѓански суд Скопје дека Владата на Република Северна Македонија и Државната изборна комисија (ДИК) сториле директна дискриминација врз лицата со попреченост при остварувањето на нивното право на глас.

Двете постапки ги покрена Хелсиншкиот комитет како судски постапки од јавен интерес (actio popularis).

Случај што укажува на недоволна свест за човековите права на различните и најранливите меѓу нас и недостигот на емпатија е примерот на 17-годишното момче со аутизам, кое било врзувано во Психијатриската болница во Демир Хисар.

Ова е само еден пример што ја покажува исклучително загрижувачката состојба во психијатриските болници, особено кога станува збор за насилство и несоодветно и нехумано постапување кон пациентите. Шокантни се сознанијата дека луѓето се изложени на крајно нечовечен третман, што е спротивно на сите меѓународни принципи и стандарди, закони и меѓународни конвенции. Говорот на омраза, како малигна општествена појава, сè повеќе е присутен во јавниот дискурс. Во 2023 година, тој е во пораст и е на прво место се случаите врз основа на етничка припадност, а на второ место е говорот на омраза врз основа на сексуалната ориентација. Комитетот регистрирал вкупно 1 171 случаи на говор на омраза.

На 29 ноември 2023 година се одржа Паралелната конференција за граѓанско општество, настан што ја одбележа завршницата на претседавањето на Република Северна Македонија со ОБСЕ. Конференцијата беше организирана од Комитетот и партнерите во соработка со Платформата за граѓанска солидарност – мрежа на граѓански организации во регионот на ОБСЕ. На настанот се собраа повеќе од 120 претставници на граѓанското општество, донесена беше Скопска декларација со која се нагласува потребата за зајакнување на граѓанското општество и се бара од земјите учеснички да продолжат со нивните заложби за човековата димензија

Годишниот извештај на Хелсиншкиот комитет за 2023 година содржи конкретни случаи од практиката, кои јасно ги покажуваат вкоренетите системски проблеми и нивното влијание врз правата на граѓаните во земјата.

БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

■ Уште од основањето во 1994 година, Хелсиншкиот комитет дејствува во насока на правно зајакнување и правна поддршка на граѓаните. Од 2016 година, Комитетот е регистриран како овластено здружение за обезбедување примарна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош. ■

Кога се зборува за бесплатната правна помош, се мисли на примарна и секундарна правна помош. Притоа, граѓаните немаа никакви препреки за добивање примарна правна помош, додека условите за добивање секундарна правна помош се покажаа како премногу ограничувачки. Така, преку работата на правните проблеми на барателите, се покажа за потребно да се прошири опфатот на секундарна правна помош за правни прашања со кои особено се соочуваат сиромашните граѓани, како споровите поврзани со јавните и комуналните услуги (електрична енергија, снабдување со топлина, вода, телекомуникации и сл.), прашањата поврзани со надомест на нематеријална штета и имотните прашања во управна постапка. Воедно, потребно е олеснување на критериумите за одобрување на СПП во делот на финансиските услови. Барателите кои имаат примања над предвидената законска граница (минимална плата) сепак спаѓаат во ранлива категорија на граѓани (сиромашни граѓани) кои не можат да си дозволат да ги сносат трошоците на судска постапка.

Податоци за баратели и правни области на бесплатна правна помош

Во текот на 2023 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права обезбеди правна помош за граѓаните од областа на работните односи, социјалната и здравствена заштита, заштитата на деца, семејното и родово базирано насилство, пензиското и инвалидско осигурување, имотноправните односи, кривичноправните и други области поврзани со нашата мисија за заштита на човековите права.

Врз основа на прибраните податоци, вкупно 307 граѓани се обратиле со барање за бесплатна правна помош до Хелсиншкиот комитет за човекови права. Според половата структура, релативно поголем дел од барателите на бесплатна правна помош беа мажи (Графикон бр. 1), додека, пак, според етничката структура, значително поголем дел од барателите беа Македонци, а најмал број баратели беа Турци и Срби (Графикон бр. 2).

Графикон бр. 1 Пол на барателите на бесплатна правна помош

Графикон бр. 2 Етничка припадност на барателите на бесплатна правна помош

Македонци	Албанци	Роми	Турци	Срби	Други
236	42	22	1	1	5

Во однос на местото на живеење, најголем дел од барателите на бесплатна правна помош се лица од Скопскиот Регион, имајќи предвид дека канцеларијата на Хелсинškиот комитет е лоцирана во градот Скопје (Графикон бр. 3).

Графикон бр. 3 Потекло на барателите на бесплатна правна помош според региони



Според податоците на Хелсинškиот комитет, доминираа барања за бесплатна правна помош поврзани со имотноправните прашања, социјалната заштита, заштитата на деца и семејното насилство, работните односи и заштитата на човековите права (Графикон бр. 4).

Графикон бр. 4 Барања за бесплатна правна помош според правна област

Имотно право	Социјална заштита и осигурување	Заштита на деца	Пензиско и инвалидско осигурување	Здравствено осигурување и заштита	Работни односи	Родово базирано и семејно насилство	Статусни прашања	Заштита на човекови права	Други
40	38	27	8	10	35	26	18	54	51

Примарната правна помош опфаќаше преземање најразлични дејства од страна на Секторот за бесплатна правна помош при Хелсиншкиот комитет за човекови права, почнувајќи од устен правен совет до давање иницијални информации и упатства за условите и постапката за остварување определени права на граѓаните. За правата за кои постои можност за вонсудско решавање преку општа управна постапка пред државните органи или интерна постапка пред работодавецот, особено при кратки рокови за постапување, по приемот на потребните документи, постапувавме на тој начин што им помагавме на странките во составувањето поднесоци (приговори, жалби итн.) или поднесувавме барања за вонреден инспекциски надзор до соодветните инспекторати (трудов инспекторат, управен инспекторат, санитарен и здравствен инспекторат, комунални инспекторати, сектори за надзор при министерствата, инспекциски совет).

За правата за кои е неопходна судска заштита посредувавме во постапката за одобрување секундарна правна помош, односно адвокат од листата што ја води Министерството за правда. Во 2023 година поднесовме 8 барања за секундарна правна помош, од кои: четири барања од областа на бракот и семејството (непријавено семејно насилство/бракоразводни постапки со малолетни деца), едно барање од областа на имотното право (оставинска постапка), едно барање од областа на статусните прашања (посебен старател) и едно барање од областа на семејното насилство (кривична постапка).

За состојбата со владеењето на правото, преку обучени набљудувачи вршевме мониторирање на судски постапки во правните области што се во фокус на внимание на проектот (како што се заштита од дискриминација, заштита од семејно насилство, заштита на деца и останати семејни и работни односи). Во 2023 година следевме 76 рочишта во 25 судски постапки.

Реализација на проектот „Унапредување на заштитните механизми за бесплатна правна помош и говор на омраза во Република Северна Македонија“

На почетокот на 2023 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права започна со имплементација на 18-месечен проект поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија: „Унапредување на заштитните механизми за бесплатна правна помош и говор на омраза во Република Северна Македонија“. Целта на овој проект е:

- Обезбедување примарна бесплатна правна помош преку секојдневна работа со странки во канцеларија, телефонски, преку електронска пошта и преку поднесување барања за бесплатна секундарна правна помош за граѓани што ќе ги исполнат условите согласно Законот за бесплатна правна помош;
- Редовно регистрирање случаи на бесплатна правна помош во дата-базата и подготовка на квартални и годишни извештаи[1] врз основа на податоците (податоци базирани врз докази);
- Унапредување на пристапот до правда преку системот на бесплатна правна помош и идентификување и анализирање на проблемите и предизвиците со кои се соочиле граѓаните во пристапот до правда, како и формулирање препораки за унапредување

1 https://mhc.org.mk/reports/prv-kvartalen-izveshtaj-besplatna-pravna-pomosh-januari-mart-2023/
https://mhc.org.mk/reports/besplatna-pravna-pomosh-za-periodot-april-juni-2023-godina/
https://mhc.org.mk/reports/besplatna-pravna-pomosh-za-periodot-juli-avgust-2023-godina/
https://mhc.org.mk/reports/besplatna-pravna-pomosh-za-periodot-oktomvri-dekemvri-2023-godina/

на правната и институционалната рамка што се однесува на пристапот до правда со фокус на маргинализирани и ранливи категории граѓани;

– Набљудување судски рочишта[2] преку директно следење случаи на примарна правна помош од страна на надворешни лица за мониторинг по спроведена обука врз основа на внатрешната методологија.

Национално координативно тело за бесплатна правна помош

Во врска со спроведувањето на одредбите од Законот за бесплатна правна помош, НКТ (Националното координативно тело) во кое учествуваат претставници на Министерството за правда, претставници на здруженијата на граѓани што се овластени за бесплатна правна помош и адвокати) во текот на 2023 година одржа 4 состаноци[3] на кои се дискутираа предизвиците и недостатоците при исполнувањето на обврските, како од страна на Министерството за правда, така и од страна на давателите на примарна правна помош (овластените здруженија и правните клиники).

Искуствата на правните советници на Хелсиншкиот комитет, добиени преку работата со барателите на бесплатна правна помош, беа од особено значење во прецизирањето на препораките за подобрување на законската рамка што го регулира опфатот на правните области за одобрување бесплатна секундарна правна помош во насока на значајната реформа што ја предлага НКТ, а тоа е интегрирање на системите за бесплатна правна помош во граѓански и кривични предмети[4].

Поради неопходноста од редовно состанување, беше повторен заклучокот од минатата година за неопходноста од законска и инфраструктурна основа за воспоставување постојано формално тело за соработка и одлучување меѓу Секторот за бесплатна правна помош при Министерството за правда, подрачните единици на министерството, овластените здруженија за бесплатна правна помош и правните клиники.

2 https://mhc.org.mk/reports/sudski-monitoring-januari-juni-2023/ https://mhc.org.mk/reports/sudski-monitoring-juli-dekemvri-2023-godina/

3 Совет на Европа: Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција https://www.coe.int/mk/web/skopje/towards-a-consolidated-and-more-efficient-free-legal-aid-fla-system-in-north-macedonia

4 Билтен НКТ, Издание бр. 2, Август 2023 https://rm.coe.int/fla-02-bulletin-august-2023-/1680ac6e7d

ПРАВОСУДСТВО

Клучни наоди

Хелсиншкиот комитет за човекови права во текот на 2023 година самостојно и преку Блупринт групата за реформи во правосудство активно ги следеше состојбата и случувањата во областа правосудство и соодветно реагираше на актуелните состојби. Блупринт групата се повлече од понатамошно учество и давање придонес во процесот на изработка на новиот Кривичен Законик по измените на Кривичниот законик во септември 2023, затоа што учеството на граѓанските организации е беспредметно во постапка која суштински го озаконува незаконитото. Измените беа донесени со злоупотреба на европското знаменце[5], заобиколување на работната група која работи на нов Кривичен законик, без нејзино консултирање, без соодветно консултирање на стручната јавност, како и без претходно анализирање и проценување на потребата за нивното донесување. Намалувањето на казните на трите клучни дела за борба против висок криминал и корупција озакони хронично неказнување на високи функционери и вршители на јавни функции.

Во декември 2023 година Владата усвои развојна секторска стратегија за правосудството 2024 – 2028 година, која е стратешки документ за утврдување, планирање и спроведување на политиките за натамошен развој на правосудниот сектор. Блупринт групата ќе подготви методологија за независен мониторинг на Стратегијата и редовно ќе ја следи имплементацијата на Стратегијата

Измени на Кривичниот законик

МХК и другите членови на БПГ сметаа дека постапката во која беа донесени измените на Кривичниот законик[6] и нивната содржина во делот на трите клучни дела за борба против корупција се целосно спротивни на владеењето на правото. Со измените и дополнувањата, меѓу другото, се интервениираше во правната уреденост на три кривични дела, Злоупотреба на службената положба и овластување, Несовесно работење во службата и Злосторничко здружување, така што меѓу другото се намалија законски предвидените казни за овие кривични дела. Измените во трите спорни кривични дела беа донесени со заобиколување на работната група која работи на нов Кривичен законик, без нејзино консултирање, без соодветно консултирање на стручната јавност, како и без претходно анализирање и проценување на потребата од истото. Успешниот обид за измени и намалување на казните на трите клучни дела за борба против висок криминал и корупција озакони хронично неказнување на високи функционери и вршители на јавни функции

Блупринт групата се повлече од понатамошно учество и давање придонес во процесот на изработка на новиот Кривичен законик по измените на Кривичниот законик во септември

5 European Commission: North Macedonia 2023 Report, p.10. Достапно на https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-11/SWD_2023_693%20North%20Macedonia%20report.pdf.

6 Службен весник бр. 188/2023 од 07.09.2023 година.

2023 година. Истакнато беше дека учеството на граѓанските организации е беспредметно во постапка што суштински го озаконува незаконитото.

Постапката во која беа донесени измените и содржината на овие измени во делот на трите клучни дела за борба против корупцијата се целосно спротивни на владеењето на правото. Измените во трите спорни кривични дела беа донесени со заобиколување на работната група што работи на нов Кривичен законик, без нејзино консултирање, без соодветно консултирање на стручната јавност, како и без претходно анализирање и проценување на потребата од тоа. Успешниот обид за измени и намалување на казните на трите клучни дела за борба против висок криминал и корупција озакони хронично неказнување високи функционери и вршители на јавни функции.

Посочивме дека последиците што се увидуваат по измените и во практиката доведоа до апсолутна застареност во повеќе од десетици големи предмети на корупција, а дополнително и финансиските импликации ќе бидат во големи размери. Дополнително, измените на Кривичниот законик беа донесени со европско знаменце, што претставува злоупотреба на европското знаменце, а тоа беше констатирано и во Извештајот на Европската комисија.

Судски совет на РСМ

Блупринт групата за реформи во правосудството и во 2023 година ги следеше сите случувања и во неколку наврати ја изрази својата загриженост околу развојот и ескалирањето на состојбите во работењето на Судскиот совет на Република Северна Македонија (ССРСМ).

Состојбата на постојан политички притисок во ССРСМ, ескалираше во два моменти во 2023 година. Првиот момент беше оставката на претседателката на ССРСМ, која дојде од редот на стручните соработници поради „притисок од политички и бизнис-елити“, што понатаму, по оставката, ниту беше истражено, ниту, пак, елаборирано. Вториот момент беше ескалацијата на 26 април оваа година, кога спротивно на Законот за Судски совет на Република Северна Македонија и Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија беше разрешена претседателката на ССРСМ, во отсуство на уредена постапка за разрешување и без потребното мнозинство. Водечки правни експерти, професори по право и граѓански организации укажаа на флагрантната повреда, меѓутоа мнозинството од членовите на СССРСМ останаа глуви на забелешките. Наместо ретерирање, членовите на Советот на 4 мај 2023 година ја „озаконија“ својата одлука со повторна повреда на одредбите од Законот за Судски совет и Деловникот во однос на исклучувањето на јавноста од седниците на ССРСМ и обезбедување плус еден глас. Со оставките на двајца членови избрани од судиите на почетокот на јуни 2023 година беше докажано и дека во ССРСМ се случуваат одредени незаконски процеси.

Постапувајќи по тужбата на поранешната претседателка на Судскиот совет на РСМ против нејзиното незаконско разрешување, Управниот суд донесе одлука со која реши дека одлуката за разрешување е незаконита, без образложени причини и без докази, како и без наведување законски одредби по кои била спроведена постапката. Со пресудата, Управниот суд утврди дека во Законот за Судски совет на РСМ никаде не е наведено дека Советот има надлежност да одлучува за изгласување недоверба на претседател на Советот, ниту, пак, за разрешување само од функција претседател на Советот без претходно спроведена постапка за утврдување на одговорноста.

Со оваа одлука, Управниот суд ги потврди ставовите и реакциите на Блупринт групата што ги имаше изминатиот период во однос на случувањата во Судскиот совет на РСМ, особено реакциите и апелите упатени кон Советот за незаконитото разрешување на тогашната претседателка Дамева.

По случувањата во Судскиот совет на РСМ, Европската Унија прати Оценска мисија за работењето на Судскиот совет. Извештајот на Оценската мисија на ЕУ за функционирањето на Судскиот совет содржи 40 препораки, групирани во шест сегменти – структурата и компетентноста на самиот Судски совет, мандатот на неговите членови, процесот на селекција и изборот на судии, дисциплинските постапки, прашањето на транспарентност и комуникација со јавноста и ресурсите и финансирањето. Министерството за правда формираше работна група чија цел ќе биде да работи на реформа на Судскиот совет во согласност со препораките на Оценската мисија, во која учествуваат и претставници на Блупринт групата.

Развојна секторска стратегија за правосудството 2024 – 2028 година

Во декември 2023 година, Владата ја усвои Развојната секторска стратегија за правосудството 2024 – 2028 година, која е стратешки документ со цел утврдување, планирање и спроведување на политиките за натамошен развој на правосудниот сектор. Стратегијата придонесува за реализацијата на препораките на Европската комисија за натамошен развој на владеењето на правото, судскиот систем и основните вредности и темелните права. Целта на Стратегијата е особено да ги адресира прашањата од страна на Европската комисија содржани во Извештајот за скрининг за Кластер 1 во однос на судството, како и препораките од неколкуте спроведени оценски мисии што се однесуваат на Судскиот совет на РСМ, обуката за судии и јавни обвинители, управната правда и извршувањето.

Стратегијата се фокусира на пет клучни приоритетни области: судството и јавното обвинителство, капацитетите на посебните институции на правосудниот систем, индивидуалните професии и јавни служби, Уставниот суд и специфичните правни области (кривична и граѓанска материја), кои се релевантни за функционирањето на правосудството.

Во текот на следните години, Блупринт групата ќе подготви методологија за независен мониторинг на Стратегијата и редовно ќе ја следи нејзината имплементација.

РАБОТНИЧКИ ПРАВА

Состојбата со работничките права во 2023 година не може да се изолира од социо-економската состојба во државата во овој период. Имено, последиците од енергетско-економската криза, предизвикана од нестабилноста на светските пазари, продолжија да се чувствуваат. Тоа резултираше со пораст на цените на производите и услугите, висока инфлација и пад на животниот стандард на работниците, не само во земјата, туку и во регионот и пошироко.

Барањата за бесплатна правна помош од областа на работните односи се однесуваа на различни правни прашања поврзани со дискриминација при постапки за вработување, трансформација на работниот однос, регрес за годишен одмор, здравствено и социјално осигурување за време на породилно отсуство или боледување, нерегистрирана или неисплатена прекувремена работа, недоставување на пресметки од плата и останати парични побарувања од работен однос. Дополнително, во овој дел, тоа што загрижува се и голем број на барања за правна помош поврзани со вознемирување на работно место (мобинг).

Пораст на трошоците за живот, владини антикризни мерки и синдикални протести

2023 беше година на владини антикризни мерки[7] за заштита на животниот стандард и за запирање на растот на сиромаштијата. Во неколку наврати беа замрзнувани и цените на основните производи, на што се противеше Стопанската комора[8].

Според податоците на Државниот завод за статистика[9], Индексот на трошоците на животот во 2023 година, во однос на 2022 година, бележи пораст од 9,4 %, а Индексот на цените на мало е 7 %. Најголем пораст на индексите е забележан во групите: Мебел, покуќнина и одржување на домаќинствата за 13,6 %, Ресторани и хотели за 12,7 %, Храна и безалкохолни пијалаци за 11,7 % и Домување, вода, електрика, гас и други горива за 10,4 %. Овој раст на трошоците за живот во најголема мера ги погоди невработените и лицата со несигурен работен однос, лицата со примања приближни на минималната плата, младите и жените.

Трета година со ред, Државниот завод за статистика не ја мери годишната стапка на сиромаштија, па поради тоа, за сиромаштијата во Република Северна Македонија како релевантни ги земаме податоците од истражувањето[10] на Виенскиот економски институт од октомври

7 Влада на РСМ: „Новиот деветти пакет антикризни мерки во вредност од 662 милиони евра е за заштита на животниот стандард, ликвидноста на компаниите и развојот на економијата“, ноември 2023 г.; https://vlada.mk/node/35289

8 Стопанска комора на РСМ: „Бизнис секторот цврсто на ставот – замрзнување цени е погрешен чекор на Владата“ – ТВ Телма, март 2023 година; https://telma.com.mk/2023/03/29/biznis-sektorot-cvrsto-na-stavot-zamrznuvanje-ceni-e-pogreshen-chekor-na-vladata/

9 Државен завод за статистика, Индекси на трошоците на животот и цените на мало, декември 2023 г. https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=39&rbr=14544

10 Дојче Веле на македонски: „Бројни македонски граѓани во канџите на сиромаштијата“, октомври 2023 г.; https://www.dw.com/mk/nad-polovina-milion-makedonski-gragani-vo-kandite-na siromastijata/a-67116487

2023 година, во кој е наведено дека бројот на сиромашни во државата до 2023 година драстично пораснал – за 24 % кога станува збор за лицата што живеат во екстремна сиромаштија и за 15 % кога станува збор лицата што живеат во умерена сиромаштија. Според истражувањето на Институтот, бројките пораснале за дополнителни 20-ина проценти до крајот на 2023 година, односно бројот на лица во екстремна сиромаштија стигнува до 86 000, а бројот на лица во умерена сиромаштија стигнува до половина милион граѓани, односно 520 000.

Според податоците на Државниот завод за статистика[11], во 2023 година, стапката на активност во овој период е 52,3 %, стапката на вработеност 45,4 %, додека, пак, стапката на невработеност изнесува 13,1 %. Паралелно со падот на стапката на невработеност се одвива и потрагата на работодавците по работници од дефицитарни струки[12].

Според податоците на Државниот завод за статистика[13], 2023 година заврши со просечната месечна исплатена нето-плата по вработен во износ од 39 998 денари. Според пресметката на Сојузот на синдикатите на Македонија[14], минималната синдикална кошница (МСК), односно потребниот износ за подмирување на месечните потреби на 4-члено семејство во декември 2023 година изнесуваше 56 522 денари. Со други зборови, за подмирување на месечните трошоци на 4-члено семејство во Република Северна Македонија се доволни три минимални плати или 1,5 просечни плати.

2023 беше година на синдикални протести и повеќемесечен социјален дијалог меѓу Владата и синдикатите во рамките на Економско-социјалниот совет. Имено, по серија протести одржани пролетта 2023 година, претставниците на синдикалните организации, по преговорите со Владата, издејствуваа зголемување на платите за вработените во јавната администрација за 10 %, иако на преговорите, синдикатите настапија со барање за зголемување од 14 %, колку што беше стапката на инфлација во тој период. Дополнително, синдикатите и Владата, освен за зголемување на платите на јавната администрација, постигнаа и договор за општиот колективен договор за вработените во јавниот сектор, за нова Методологија за пресметка на плати врз основа на просечна плата и за регрес за годишен одмор.

На овој начин, уште еднаш на дело беа покажани значајноста и неопходноста на синдикалното организирање на работниците, нешто што особено недостига во приватниот сектор, чии работници добија само зголемување на минималната плата[15], но не и другите придобивки што се издејствувани за вработените во јавниот сектор.

11 Државен завод за статистика: „Активно население во Република Северна Македонија во 2023 г.“, март 2023 г.; https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=98

12 Стопанска комора на РСМ: „Недостигаат околу 10.000 работници, заварувачи, слаткари, пекари, месари, текстилни техничари и инжинери“, март 2023 г.; https://www.mchamber.mk/Default aspx?mId=3&evid=130888&lng=1&fbclid=IwAR0OZecfNa9onXdRmCc7M0iNpFh_zTTIn7PGIPKHyqsoRXFBOOKQXOR2hM_aem_AdkuJyggg7Hu37OMxfOv3D4I5YyPoAAOZkIKstWGuIbg2A67MaXXaewIYAWR-ork0dSjzfjUsudWo00yw8O_glJH

13 Државен завод за статистика: „Просечна месечна исплатена нето-плата по вработен за декември 2023“, февруари 2024 година; https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=40&rbr=14576

14 Сојуз на синдикатите на Македонија: „Достоинствена плата е една плата да изнесува колку една синдикална кошница“, јануари 2024 г.; https://www.ssm.org.mk/mk/dostoinstvena-plata-e-1-plata-da-iznesuva-kolku-1-sindikalna-koshnica

15 МТСП: Минималната плата од месец март ќе биде 20.175 денари, над 2000 денари повисока за една година“, март 2023 г.; https://www.mtsp.gov.mk/fevruari-2023-ns_article-mtsp-minimalnata-plata-od-mesec-mart-kje-bide-20-175-denari-nad-2000-denari-povisoka-za-edna-godina.nspx

Закон за работните односи

2023 година започна надежно, имајќи ги предвид најавите на Министерството за труд и социјална политика[16] од средината на 2022 година дека започнува со интензивна работа на новиот Закон за работните односи, во чија подготовка ќе учествуваат сите чинители во општеството, претставници на работниците, работодавачите, Меѓународната организација на трудот и експерти од граѓанскиот сектор.

Од 2018 година, Мрежата за заштита од дискриминација и Платформата за родова еднаквост континуирано го следат процесот на изготвување на новиот текст на Законот за работните односи. Двете мрежи, чија членка е и Хелсиншкиот комитет за човекови права, остануваат на правното мислење за неколку клучни точки на текстот на Законот, меѓу кои:

– Новиот, како и стариот ЗРО, како работник го дефинира секое физичко лице што е во работен однос врз основа на склучен договор за вработување. Оваа дефиниција е неточна и не обезбедува заштита на голем број работници што фактички работат без договор за вработување или со поинаков договор. Предлагаме Законот да се усогласи со европското законодавство и Препораката број 198 на МОТ за работниот однос, дефиницијата да се прошири и да ги опфати и работниците што немаат договор за вработување, но се во реален работен однос, чие постоење може да се одреди врз основа на поврзани факти. Во таа насока, ставот на Судот на правдата на ЕУ е дека под „работник“ се подразбира секој што фактички работи, без разлика на правниот основ (видот на договорот) за работниот однос и без оглед на тоа дали тој воопшто постои.

– Стереотипите и предрасудите кон различните и маргинализирани групи се присутни и на пазарот на трудот. Пазарот на трудот не е безбедно ниту пристапно место за луѓето од маргинализираните заедници, па оттука, тие се соочуваат со невработеност, а понатаму и со сиромаштија што носи ризици од останати социјални проблеми. Најчести форми на дискриминација во работните односи се: партиски вработувања; сегрегација на Ромите; вознемирување на работно место во форма на сексуално вознемирување жени и ЛГБТИ; дискриминација за вработување трансродови лица; непристапност на работните места за лица со попреченост и дискриминација и предрасуди кон нив; дискриминација на лицата што се лекуваат од зависност; дискриминација на различни групи пациенти што поради хронични болести и состојби имаат потреба почесто да користат боледување. Во оваа насока, предлагаме Законот за работните односи да се усогласи со Законот за заштита и спречување од дискриминација;

– Одредбите за институтот Еднаква плата за еднаква работа или работа од еднаква вредност да се предвидат во гореспоменатата глава „еднаквост и недискриминација“. Со цел соодветно да се регулира ова право (согласно правото на ЕУ и Конвенцијата бр. 100 на МОТ), потребно е да се додадат одредби што ќе предвидат: обврска за транспарентност на плати (секој работодавач да има обврска да ги информира вработените за сечија плата, платите по позиции да бидат лесно достапни, на пример, објавени на веб, огласни табли и сл.); обврска за работодавачите еднаш годишно да спроведуваат објективна евалуација на работното место и анализа на податоците, обврска за детекција на јазот во еднаквост на плати согласно големината на работодавачот, јавно да се објавуваат мерките што е планирано да се преземат и да се известува до ДИТ; во дефиницијата за плата, освен плаќањето во пари, треба да се опфатат и сите видови

16 МТСП: Започнува интензивна работа на новиот Закон за работни односи, мај 2023 г.; https://www.mtsp.gov.mk/maj-2022-ns_article-mtsp-zapocnuva-intezivna-rabota-na-noviot-zakon-za-rabotni-odnosi.nspx

осигурување, плаќања во натура и други видови поволности (превоз, храна и слично); правото да му следува на секој што фактички работи, а не на оној што има договор за вработување;

– Потребно е ЗРО да предвиди посебна глава за самовработените лица – „Самовработување", каде што детално ќе се регулираат правата од работен однос што им припаѓаат, а истовремено ЗРО мора да биде усогласен со постојните меѓународни стандарди и да обезбеди соодветна заштита за сите работници, а особено за посебните категории работници.

Како што беше нагласено претходно, МТСП изработи Нацрт-верзија на ЗРО и ја одржа првата јавна расправа во Клубот на пратеници на 26 декември 2022 година. Објавувањето на Предлог на Законот за работните односи на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) беше предвидено да се случи по одржувањето на предвидените јавни расправи во различни градови. Но, процесот доживеа застој, односно предвидените јавни расправи во 2023 година не се одржаа.

Покрај тоа што новиот Закон за работните односи почна да се изготвува уште во првата половина на 2018 година, тој сè уште не е влезен во собраниска процедура. Но, ЗРО претрпе значителни измени во сосема спротивна насока од зацртаната – да се подобри законскиот текст. Напротив, на крајот на мај 2023 година, во сила влегоа измените и дополнувањата на ЗРО поврзани со изградбата на делници од коридорите 8 и 10 од страна на градежниот конзорциум „Бехтел и Енка", а според кои за работа на проекти од „стратешко национално значење", прекувремената работа може да трае подолго од законски предвидениот максимум[17].

Имено, во членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи е предвидено дека во членот 110 од Законот за работните односи по став (3) се додава нов став (4), согласно кој министерот за финансии, во согласност со министерот за труд и социјална политика, ги пропишува начинот и местото на исплата на платата на работниците што работат на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон. Со членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, по членот 117 се додава нов член 117-а, согласно кој за работа на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон, а поради потребата од континуитет во работата, прекувремената работа може да трае подолго од осум часа неделно и 190 часа годишно со претходно дадена писмена согласност од страна на работникот.

Освен Законот за работните односи, за олеснување на работата на градежниот конзорциум, измени претрпеа и уште три закони: Законот за експропријација, Законот за градење и Законот за урбанистичко планирање.

Имајќи ја предвид својата визија и мисија за заштита на човековите права, па оттаму и работничките права, во јули 2023 година, Хелсиншкиот комитет достави иницијатива[18] до Уставниот суд на РСМ за оценување на уставноста и законитоста на членови од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење и Законот за работните односи (ЗРО), поврзани со реализацијата на Договорот со „Бехтел и Енка" за изградба на четири автопатски делници на коридорите 8 и 10-д.

17 Во Законот за работните односи додаден е нов став (4) на членот 110, согласно кој министерот за финансии, во согласност со министерот за труд и социјална политика, ги пропишува начинот и местото на исплата на платата на работниците што работат на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон, и додаден е нов член 117-а, согласно кој прекувремената работа може да трае подолго од осум часа неделно и 190 часа годишно, со претходно дадена писмена согласност од страна на работникот.

18 Хелсиншки комитет со инцијатива до Уставен суд за законските измени поврзани со „Бехтел и Енка", јули 2023 година; https://mhc.org.mk/news/helsinshki-komitet-so-incijativa-do-ustaven-sud-za-izmenite-vo-zakonot-za-rabotni-odnosi-povrzani-so-behtel-i-enka/

Хелсиншкиот комитет смета дека ваквото законско решение претставува повреда на Уставот на Република Северна Македонија и овозможува целосно заобиколување на процедурите за носење закони. Издигнувањето на одлуките на извршната власт на ниво на закон значи мешање на извршната во улогата на законодавната власт. Со користење на поимот национален стратешки интерес (без негово подетално дефинирање), како основа за утврдување паралелни правила што ќе важат само во одредени случаи, се овозможува постоење напоредни законски решенија за работните односи, чија примена ќе зависи од процената на одредени структури што не се јасно утврдени. Резултат на тоа е правна несигурност и нееднаквост на граѓаните пред Уставот и законите.

На почетокот на 2024 година уставните судии се произнесоа, односно Уставниот суд на Република Северна Македонија на ден 20.12.2023 година го донесе решението У.бр. 140/23 да не се поведе постапка за оценување на уставноста на членовите од Законите за измена и дополнување на Законот за градење и Законот за работните односи. Сепак, овие решенија не беа донесени едногласно. Конкретно, судијата на Уставниот суд, Осман Кадриу, во своето издвоено мислење[19] тврди дека регулативата за градбите од стратешки интерес е во спротивност со Уставот и со неа се повредува владеењето на правото.

Бесплатна правна помош во областа на работните односи

Во 2023 година, 10 % од вкупниот број барања за бесплатна правна помош поднесени до Хелсиншкиот комитет се однесуваа на правни прашања од областа на работните односи. Барањата во најголем дел беа индивидуални, а во помал дел беа колективни барања на два или повеќе работници. Барањата во најголем обем се однесуваа на прашања што произлегуваат од секојдневниот однос меѓу работниците и работодавачите, како што се вознемирување на работното место (мобинг), непријавена работа на нововработени лица, задоцнета исплата на плати и регрес за годишен одмор, прашања во врска со задршки на плата или неплатена прекувремена работа, прашања во врска со додатоци на плата, здравствено и социјално осигурување за време на породилно отсуство или боледување, непочитување мерки за безбедност и здравје при работа, различни основи за засновување и прекин на работниот однос (од одлуки за избор при конкурси до откази на договорите за работа без отказен рок).

Во врска со поднесените барања за вонреден инспекциски надзор од страна на Хелсиншкиот комитет, ДИТ постапуваше навреме, односно во периодот од 30 дена доставуваше писмено известување до работникот или до Хелсиншкиот комитет. Во дел од случаите, констатираните неправилности времено ги охрабруваа работниците, но очигледно ваквите инспекциски наоди повеќе беа во полза на работодавците, со цел да го исправат своето постапување во рамките на Законот, но без позитивно влијание врз работичките права на вработените. Сепак, имаше и случаи во кои вонредниот инспекциски надзор на ДИТ даваше директни резултати во интерес на работникот, односно беа издадени решенија за изрекување инспекциска мерка опомена со определен рок во кој субјектот на надзор беше задолжен да ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци. Поради незадоволство од извршениот надзор на трудовите инспектори, во случаи кога очигледни неправилности не беа констатирани, поднесени беа барања за вонреден инспекциски надзор врз ДИТ од страна на Инспекцискиот совет.

19 Кадриу: „Со измените во Законот за градење поврзани со „Бехтел и Енка“ се отвора простор за криминал и висока корупција“, јануари 2024 година; https://mhc.org.mk/news/izdvoeno-mislenje-na-ustavniot-sudija-kadriu-so-izmenite-vo-zakonot-za-gradenje-povrzani-so-behtel-i-enka-se-otvora-prostor-za-kriminal-i-visoka-korupcija/

Што се однесува до судската заштита, потребата од застапување на работниците пред суд од страна на адвокат се покажа како суштинска. Работниците со примања над предвиденият минимум за бесплатна секундарна правна помош беа исправени пред дилемата за тоа дали на свој трошок да водат судски спор со неизвесен исход или наплата, имајќи го предвид нискиот износ на месечни примања што е определен за одобрување на секундарната правна помош. Во оваа насока, дефинитивно, потребно е зголемување на прагот на месечни приходи за одобрување на секундарната правна помош.

Во врска со правото на судење во разумен рок, во 2023 година продолжува да се изигрува законски определениот итен карактер на работните спорови. Видно од спроведениот мониторинг во неколку судски постапки од областа на работните односи, ниту еден работен спор не заврши согласно инструктивниот рок на 6 месеци пред првостепениот и 2 месеца пред второстепениот суд.

ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Клучни наоди

По поднесена тужба actio popularis од Хелсиншкиот комитет, во 2023 година македонските судови утврдија дека Владата на Република Северна Македонија и Државната изборна комисија (ДИК) сториле директна дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас.

Собранието на пленарна седница во декември 2023 година донесе одлука за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација откако Комисијата за прашањата за изборите и именувањата на седница ја утврди листата на кандидати. По петгодишен мандат добија кандидатите/ките Флора Кадриу, Душан Томшиќ и Зекир Абдулов, а Драгана Дрндаревска, доби мандат од 1 година 2 месеци и осум дена. При постапката на избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) направени беа неколку законски пропусти. Сето ова доведува до заклучок дека изборот на членови на КСЗД е партиски и незаконит, со што се наруши владеењето на правото и се покажа крајна негрижа за човековите права и еднаквоста на граѓаните.

Неколку години по спроведувањето на Законот беа утврдени одредени недостатоци, за кои граѓанските организации што работат во оваа област поведоа постапка за законски измени.

Имајќи ги предвид многубројните логистички и финансиски предизвици со кои се соочи Комисијата, се наметна прашањето за зголемување на буџетот на Комисијата со цел гарантирање функционална независност на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) преку обезбедување соодветни финансиски средства за нејзино непречено и сеопфатно функционирање. Токму нискиот буџет, недоволните и несоодветно распределените финансиски средства за извршување на нејзините надлежности ги загрозуваат автономијата и независноста на Комисијата. Ова значи дека најмаргинализираните се значително ограничени во нивниот пристап до ефективен заштитен механизам, а истовремено ја зајакнуваат и ја одржуваат системската дискриминација во нашето општество.

Потврдена е директната дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас од страна на Владата и Државната изборна комисија

Апелациониот суд Скопје, со пресуда од октомври годинава, целосно ја потврди пресудата на Основниот граѓански суд Скопје од март оваа година. Со оваа пресуда е утврдено дека Владата на Република Северна Македонија и Државната изборна комисија (ДИК) сториле директна дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас. Судот утврди дека директната дискриминација е сторена со непреземање, односно со пропуштање да се преземат дејства за приспособување на инфраструктурата и просторот до и во дел од избирачките места и го повредиле начелото на соодветно приспособување. На овој начин, тужените им оневозможиле на лицата со попреченост да го остварат нивното

право на глас, а со тоа го попречиле и активното учество на лицата со попреченост во политичкиот живот на државата.

Судот ги задолжи Владата и Државната изборна комисија, до распишувањето на следните избори, на избирачките места каде што досега не е овозможено тоа, да обезбедат:

– пристапност, рамни патишта, места за паркинг соодветно обележани со боја со висок контраст, поставување знаци и броеви на видно место во поголем формат со висок контраст или звучна сигнализација до избирачките места;

– пристапност до просторијата за гласање преку поставување гелендери покрај скалилата и ѕидовите, инсталирање пристапни рампи, рачни шини, поширокі влезови, пристапен лифт или платформи што се на нивоа и со скалила;

– пристапност во просторијата за гласање, нејзино еднакво осветлување, прераспределба на мебелот поради поголема можност за движење; поставување соодветно приспособени паравани за гласање и поставување на кутијата за гласање на соодветна висина за лица со физичка попреченост.

Дополнително, Владата и Државната изборна комисија се задолжени, во пристапен формат, да го објават во медиумите диспозитивот на пресудата со која се утврдува дека сториле директна дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас и активно учество во политичкиот живот во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата.

Двата судови со своите пресуди јасно утврдуваат дека тужените, на чија страна е товарот на докажување согласно ЗСЗД, во оваа постапка не предложиле и не доставиле соодветни докази од кои би можело да се утврди дека во периодот по 2019 година (откако се изготвени извештаите на здруженијата и откако се дадени соодветни препораки) во сите избирачки места во државата целосно е овозможен пристап на лицата со попреченост до и во избирачките места и дека е направено соодветно приспособување за непречено остварување на нивното право на глас.

Притоа, Апелациониот суд ја потврдува првостепената одлука во наводите дека во едно демократско општество е неопходно да се заштити правото на глас на лицата со попреченост, да се овозможи уживање и остварување на ова право и дека потребните приспособувања на избирачките места со обезбедување пристап до и во објектите за гласање согласно потребите на лицата со попреченост не претставува несразмерно или непотребно оптоварување. Овој аргумент е поткрепен од извршени анализи и проверки на избирачките места што покажуваат дека станува збор само за определен број избирачки места во кои досега сето ова не е овозможено за лицата со попреченост.

Ваквата судска завршница следува откако Хелсиншкиот комитет за човекови права, преку адвокат Павлина Зефиќ, на 1 февруари 2021 година поднесе тужба за заштита од дискриминација од јавен интерес (actio popularis). Постапката беше водена во рамките на проектот „Поддршка на Северна Македонија во унапредување на владеењето на правото и човековите права“, кој Хелсиншкиот комитет за човекови права во 2020 година го спроведуваше со Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација може да се јавува како замешувач во судски постапки за заштита од дискриминација или, пак, на барање на странката или по сопствена иницијатива, да поднесе барање со цел судот да ѝ овозможи да дејствува како пријател на судот (amicus curiae). Во април 2021 година, Комисијата за првпат ја искористи својата законска надлежност и побара Основниот граѓански суд Скопје да ѝ овозможи да дејствува како пријател на судот (amicus curiae) во оваа судска постапка за заштита од дискри-

минација. Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ Скопје, застапувана од адвокатката Наташа Бошкова, побара да се вклучи како замешувач во оваа постапка, чие барање судот го усвои.

Избор на нови членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

КСЗД е независно тело за еднаквост чија ефикасност, непристрасност и исполнување на надлежностите е директно зависно од знаењата, експертизата и интегритетот на комисионерите/-ките. КСЗД успеа да се промовира како ефикасна институција, а резултатите од работата беа препознаени и од страна на меѓународната заедница и Европската комисија. Европската комисија континуирано бара да се доекипира КСЗД и да се изберат членови според мерит.

Законската обврска е членовите на Комисијата да го одразуваат составот на општеството во целина и при изборот на членовите да се применуваат принципите за соодветна застапеност на сите општествени групи, начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и родово балансирано учество.

Откако беше распишан јавен оглас за избор на 4 нови членови на Комисијата, на 18 декември 2023 година во Собранието на РСМ се одржа Јавна расправа за утврдување предлог-листа од пријавените кандидати. Собранието ја објави и листата на пријавени кандидати заедно со документите што ги приложиле до Комисијата за прашањата за изборите и именувањата. Од првичниот преглед на кандидатите видно беше дека меѓу нив има независни експерти со долгогодишно докажано искуство во областа на антидискриминацијата и човековите права, за што Мрежата за заштита од дискриминација истакна дека смета дека Собранието може да направи избор на квалитетни кандидати што уште повеќе ќе ја унапредат работата на КСЗД по заслуга, кои ги исполнуваат законските критериуми, а да не прави избор според партиски клуч.

Законските критериуми за избор на членови на КСЗД се: седумгодишно работно искуство од областа на човековите права, од кои пет години во областа на еднаквост и недискриминација; 240 ЕКТС кредити; да биде државјанин/-ка на РСМ; во моментот на изборот со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна затвор од над шест месеци или забрана за вршење професија, дејност или должност и да не е носител на функција во политичка партија.

Собранието на пленарна седница донесе одлука за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација откако Комисијата за прашањата за изборите и именувањата ја утврди листата на кандидати. По петгодишен мандат добија кандидатите/ките Флора Кадриу, Душан Томшиќ и Зекир Абдулов, а Драгана Дрндаревска, доби мандат од 1 година 2 месеци и осум дена. При постапката на избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) направени беа неколку законски пропусти. Со оглед на тоа дека кандидатите треба да имаат 5 години искуство во областа на дискриминацијата, а 7 години во областа на човековите права, очигледно беше дека оваа одредба многу широко се толкува, затоа што дел од предложените кандидати го немаа тоа искуство.

Дополнително, сметаме дека е погрешно толкуван Законот во однос на мандатот на јавен функционер, односно некој што е избран за вршител на јавна функција од страна на Собранието. Мандатот не може да биде пренесен, ако тој е истечен, како што е случајот со Драгана Дрндаревска која беше предложена за мандат од 1 година и два месеци, за разлика

од другите кои имаат мандат од 5 години, а мандатот е истечен односно времето во кој требаше да биде избрано лице за таа позиција.

Исто така, меѓу предложените кандидати нема лица со попреченост, иако меѓу пријавените имаше луѓе кои имаат попреченост, а кои имаат големо искуство во оваа област, а комисијата, според Законот, како тело треба да ги одрази различностите во општеството, како и по основ на род, односно родово балансирано членство во Комисијата.

Сето ова доведува до заклучок дека изборот на членови на КСЗД е партиски и незаконит, со што се наруши владеењето на правото и се покажа крајна негрижа за човековите права и еднаквоста на граѓаните. Преку изборот се изврши политичка дискриминација со давање предност на кандидати кои не ги исполнуваат условите, кон кандидатите што ги исполнуваат условите.

Системска дискриминација кон земјоделките/-ците во остварување на правото на платено отсуство поради бременост, раѓање, мајчинство и боледување

И во текот на 2023 година, државата не се одважи да го реши проблемот со системската дискриминација кон земјоделките/-ците во остварување на правото на платено отсуство поради бременост, раѓање, мајчинство и боледување.

На иницијатива на Мрежата за заштита од дискриминација и ЛАГ Агор Лидер, повеќе од 60 здруженија на граѓани, сојузи и фондации бараа од Собранието да поднесе Предлог на закон за измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување со кој ќе се овозможи системско решавање на проблемот на исклучување на земјоделците од правото на породилно отсуство. Граѓанскиот сектор побара да се овозможи ова право за земјоделците под исти услови како за сите останати работници и самовработени лица, а притоа основицата за пресметка на висината на надоместокот да не биде помала од минималната плата.

По претставка на Мрежата за заштита од дискриминација и ЛАГ Агро Лидер, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди индиректна, интерсекциска и продолжена дискриминација кон жените индивидуални земјоделки како здравствени осигуренички во остварување на правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство – право на платено породилно отсуство. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација му препорача на Министерството за здравство да го измени Законот за здравствено осигурување со цел да ја отстрани системската дискриминација кон земјоделките.

Во април 2023 година, Собранието ја потврди потребата од измена на Законот за здравствено осигурување – Предлог на закон за измени и дополнување на Законот за здравствено осигурување поднесен од пратениците на Левица со кој се овозможува платено породилно отсуство за земјоделки, но сè уште не е изгласан Законот и земјоделките сè уште се без системско решение за остварување на нивните права.

Дополнително, во февруари 2023 година, Владата донесе Програма за поддршка на социјална сигурност на жените што вршат земјоделска дејност за 2023 година. Со оваа Програма ќе се реализира мерка за финансиска поддршка на жените што вршат земјоделска дејност и имаат статус на осигуреник – индивидуален земјоделец со неповратни средства. Исто така, со оваа Програма ќе им биде овозможено користење надоместок за мајчинство за време на спреченост за вршење на земјоделската дејност поради раѓање, а надоместокот не е опфатен со прописите од областа на работните односи за платено породилно отсуство. Мрежата за за-

штита од дискриминација повеќе пати укажа на тоа дека носењето Програма не е системско и ефикасно решение на проблемот, а решавањето на овој проблем треба да биде со измени на Законот за здравствено осигурување, за што и КСЗД даде општа препорака.

Неовозможувањето платено породилно отсуство за жени од рурални средини што се соочуваат со сиромаштија, непристапност до здравствени и социјални услуги, тешка физичка работа, недостиг на градинки, уште поприсутни патријархални норми, според кои тие се единствено одговорни за грижата за домот и за децата и се поизложени на родово засновано насилство, е нехумана и сурова политика што ги остава овие жени на маргините на општеството.

Имено, жените регистрирани како индивидуални земјоделки се исклучени од Законот за здравствено осигурување во делот на надоместоци поради болест, повреда на работно место и отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство. Како осигуреници, индивидуалните земјоделци согласно членот 5 став 1 точка 4 од Законот за здравствено осигурување (во понатамошниот текст ЗЗО) имаат право на здравствена заштита, но не и право на надоместоци во случај на привремена спреченост за работа поради болест, повреда и бременост, раѓање и мајчинство (член 13 и 14 од ЗЗО).

Индивидуалните земјоделци плаќаат 20 % придонеси, немаат плата, туку остваруваат приход од земјоделска дејност на годишно ниво, кој е нередовен и условен од временските услови и слични фактори. Законот за работните односи го уредува правото на породилно отсуство, но носители на ова право се осигуреничките, уредени со ЗЗО. Согласно постојните законски решенија, и самовработените лица имаат право на платено породилно отсуство, иако тие не се препознаени во Законот за работните односи (на пример, адвокати, нотари, уметници, трговци поединци итн.). Земјоделците се фактички работници, односно самовработени лица, но законодавството не ги препознава како такви, туку ја воведува категоријата „индивидуален земјоделец", на која ѝ доделува помалку права во споредба со другите работници и самовработени лица. Фактот што плаќаат помалку придонеси не може да се гледа како причина за нивно исклучување од правата од здравствено осигурување, туку сосема спротивно, како афирмативна мерка, чија цел била да вклучи маргинализирана категорија во системот на социјално и здравствено осигурување и како економска мерка, чија цел била да го поттикне развојот на земјоделството како една од најважните стопански дејности.

Оттука, земјоделките се дискриминирани во однос на останатите работнички и самовработени што го стекнуваат правото на платено породилно отсуство и боледување согласно ЗЗО. Оваа нехумана политика има сериозни последици врз нивното репродуктивно, психолошко и физичко здравје, како и врз здравјето на новороденчињата и децата од руралните области. Согласно истражувањата, поголемиот број жени ангажирани во земјоделството не се во можност да си дозволат да го намалат обемот на работа пред и по породувањето, па како последица на тоа, продолжуваат со работни активности и во доцната бременост или почнуваат со работа прерано по породувањето. Оваа состојба резултира со значителни здравствени ризици, како што се предвремено породување, несакан абортус, зголемен ризик за патолошка бременост, прерано прекинување со доењето, неможност за давање соодветна грижа на новороденчињата, што доведува до многубројни здравствени проблеми кај децата. На оваа слика, доколку се земе предвид отежнатиот пристап до здравствени и социјални услуги и длабоко вкоренетите патријархални норми, се комплетира сликата за маргинализација на руралните жени, чии можности и права се многу повеќе ограничени во споредба со населението во урбаните средини.

РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ПЛАТФОРМА „МЕДУЗА“

КЛУЧНИ НАОДИ

Изминатата година ја одбележаа неколку значајни случувања во областа на родовата еднаквост, како што беа измените на законската регулатива, институционалното постапување во случаите на родово базираното насилство, дејствувањето на антиродовите движења и извештајот на ГРЕВИО за Северна Македонија. Измените во Кривичниот законик со кои беа воведени новите кривични дела како полово вознемирување и демнење како нови кривични дела беа значаен придонес на државата кон усогласувањето со Истанбулската конвенција и унапредувањето на родовата еднаквост во државата. Од друга страна, и покрај напорите на државата за унапредување на родовата еднкавост и подготовката на предлог законот за родова еднаквост, поради силниот притисок на антиродовите движења законот не беше донесен.

И покрај тоа што Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство е на сила веќе две години, институционалните одговори остануваат неконзистентни, непрофесионални и контрадикторни, особено од центрите за социјална работа и Министерството за внатрешни работи. Судските процеси за привремени мерки за заштита често се одложуваат, со рочишта закажани до еден месец по барањата што негативно влијае врз жртвите.

Дополнително, кај институциите останува предизвикот да го препознаат фемицидот како родово засновано насилство, за што сведочат случаите на фемицид во Кочани и Куманово, каде жртвите пријавувале насилство повеќе пати, но не добиле соодветна заштита.

Извештајот на ГРЕВИО за Северна Македонија, објавен во септември 2023 година, како напредок ги истакнува законските измени со кои е направена усогласеност на законодавството со Истанбулската конвенција, но ги истакнува празнините во имплементацијата. Извештајот ја нагласува потребата од сеопфатни стратегии за борба против насилството врз жените, адресирање на општествените стереотипи и обезбедување на еднаков пристап до услугите на маргинализираните жртви.

ИЗМЕНИ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА

Во текот на 2023 година беше подготвен новиот предлог на Законот за родова еднаквост, чија цел е да се обезбеди остварување целосна родова еднаквост во сите сфери на јавниот и приватниот живот со зајакнување на положбата и статусот на жената во општеството и овозможување еднакви можности за остварување на сите права преку унапредување на родовата еднаквост. Претставничка на Хелсиншкиот комитет за човекови права учествуваше во работната група што беше формирана од Министерството за труд и социјална политика во 2020 година, но поради силниот замав и влијанието на антиродовите движења, предводени од црквата и т.н. „традиционални“ вредности, Законот сè уште не е донесен.

Со ратификацијата на Истанбулската конвенција, Република Северна Македонија ја презеде и обврската за измена и дополнување на Кривичниот законик, но и на други закони и подзаконски акти. Измените и дополнувањата опфаќаат воведување нови кривични дела, но и измени на постојните. Се воведуваат полово вознемирување и демнење, како нови кривични дела. Значајно е тоа што кривичното дело полово вознемирување вклучува и вознемирување преку користење електронски средства за комуникација. Со измените и дополнувањата се препознава и се дефинира родово базираното насилство, а во кривичното дело убиство, како квалификаторен облик се предвидува лишувањето од живот жена или девојче до 18-годишна возраст при вршење родово базирано насилство, што придонесува за препознавање на фемицидите како најтешка форма на родово базирано насилство. Дефиницијата за семејно насилство се дополнува со психолошко и економско насилство. Исто така, кривичното дело силување целосно се менува, како полов напад и силување, каде што недостигот на јасно изразена волја проценета во контекст на околностите на случајот е клучно обележје, а примената на сила или закана е квалификаторен облик согласно меѓународните стандарди.

На 17 мај 2023 година влезе во сила Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство[20]. Со Законот е предвидено формирање Комисија што ќе постапува по барањата за компензација на жртвите на насилни кривични дела, вклучително и жртвите на родово базирано насилство, но, сепак, во практиката не може да се каже дека системот функционира, бидејќи иако се избрани членовите на Комисијата, таа нема статус на правно лице и не е формално активна. Исто така, сè уште не се донесени подзаконските акти за постапување на Комисијата и поради тоа сè уште не може да се направи увид во практиката за тоа дали донесеното законско решение се имплементира доследно.

Во 2023 година заврши спроведувањето на Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската конвенција (2018 – 2023), со кој беа предвидени активности чија цел беше да придонесат за усогласување со Конвенцијата и за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство. Како главен предизвик во имплементацијата на Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската конвенција се покажаа недоволните финансиски средства и потребата од алоцирање буџетски средства во надлежните институции, со цел навремено и целосно имплементирање на предвидените активности. Имајќи го предвид фактот што во 2023 година заврши спроведувањето на Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската конвенција, државата треба колку што е можно побрзо да развие нов Национален акциски план за периодот што следува, кој ќе биде изработен во соработка со граѓанските организации што активно работат на полето на родовата еднаквост.

Во однос на Националната стратегија за родова еднаквост 2022 – 2027, Хелсиншкиот комитет ќе продолжи да врши мониторинг на процесот на имплементација на целите и активностите предвидени со стратегијата и да го следи постапувањето на релевантните институции.

20 Службен В. на РСМ. бр: 247/2022 од 17.11.2022

ИНСТИТУЦИОНАЛНО ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАИ НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

Со воведување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство[21], кој веќе две години е во сила, се сметаше дека значително ќе се подобри институционалната и сеопфатна поддршка на жртвите на родово базирано насилство, меѓутоа, Хелсиншкиот комитет идентификуваше постоење непрофесионалност, контрадикторност и неизедначеност во постапувањето на дел од центрите за социјална работа и Министерството за внатрешни работи.

Во 2023 година сè уште сме сведоци на ненавремено постапување без должно внимание од страна на Министерството за внатрешни работи, и покрај зголемениот број на пријави за семејно и родово базирано насилство. Кај повеќето надлежни институции сè уште постои предизвик во препознавањето родово базирано насилство како форма на насилство, кое е идентификувано во рамките на тековната работа на Хелсиншкиот комитет со жртвите на родово базирано и семејно насилство, како и соработката со надлежните институции.

Од друга страна, пак, практиката покажува дека се пролонгираат судските постапки со кои се бара изрекување времени мерки за заштита на жртвите на родово базирано и семејно насилство и се закажуваат рочишта дури по еден месец од поднесувањето на барањето. Благата казнена политика, несоодветното постапување на институциите, долгите судски процеси и пролонгирањето на постапките негативно влијаат врз жртвите и врз самото пријавување.

За овие предизвици јасно говори случајот на фемицид, кој е најтешка форма на родово базирано насилство, а кој се случи во Кочани, кога жена беше избодена до смрт, иако претходно го пријавувала сторителот до надлежните институции и барала заштита. Основното јавно обвинителство Кочани, случајот го квалификуваше како убиство на свиреп начин, а тоа го потврдува фактот дека институциите сè уште не го препознаваат родово базираното насилство. Друг случај на фемицид се случи и во Куманово, кој резултираше со две жртви, кои, исто така, неколку пати пред настанот пријавувале насилство, но, и во овој случај, институциите не реагирале со должно внимание, навремено и според своите надлежности.

АНТИФЕМИНИСТИЧКИ ПОЛИТИКИ И АНТИРОДОВИ ДВИЖЕЊА

Антиродовите движења имаат длабоко влијание врз македонското општество. Имено, овие движења се претставуваат како формални и неформални здруженија на граѓани, кои активно дејствуваат преку пропагандни кампањи, политичка мобилизација против родовата еднаквост како концепт, вредност и постулат на едно општество. Тие најмногу го користат наративот дека се претставници на загрижени родители, иако ретко го покажуваат својот вистински личен идентитет (стратегија на симболиката на обичните граѓани и тивкото мнозинство), а всушност се вмрежени на наднационално ниво со организации, верски здруженија и политички партии. Антиродовата мобилизација игра улога во поширокиот културен конфликт околу модернизацијата: во овој случај „родот“ е развлечена категорија што служи како покритие за колективните стравови од промени, губење на националниот идентитет, прекумерното влијание на Западот и неговата културна хегемонија (антиродов и десничарски популизам). Изминатата година, движењето беше особено активно во кампањите против сексуалното образование во училиштата, правата на ЛГБТК+ и репродуктивните права на жените. Важно е да се напомене дека во јавната сфера постои зголемено разбирање за негативното влијание и безбедносните закани од антиродовата политика што се резултат

21 Службен весник на РСМ, бр. 24 од 29.1.2021 година

на работата на граѓанските организации, институциите и медиумите, кои се обидуваат да создадат колективен напор во отпорот на регресот на македонското општество. Ова е добар напредок, но, од друга страна, антиродовите движења и политики ја зајакнаа својата позиција и направија институционални промени со бришење на родовата еднаквост на локално ниво и запирање на процесот на донесување на Законот за родова еднаквост оставија.[22]

Во своите напори за справување со негативните ефекти од антифеминистичките политики и антиродовите движења што сè повеќе ги зајакнуваат нивните антидемократски и популистички дејства, Хелсиншкиот комитет за човекови права одржа тркалезна маса на која се дискутираше за антиродовите движења во државата. Итната потреба од значителна институционална посветеност за заштита на веќе направените чекори во родовата еднаквост, и на национално и на локално ниво, градењето широка коалиција што ги вклучува не само оние што се директно вклучени во феминистичкото застапување, туку и ранливите групи и други политички актери, како што се истражувачките центри и организации, внатрешното образование и споделувањето на знаењето во рамките на феминистичкото движење беа идентификувани како значајни чекори во консолидирањето и унапредувањето на феминистичкото движење во регионот.

22 Политики за ефектите од намалувањето на политичкиот простор за граѓанското општество – Негативни ефекти од антифеминистичките политики и антиродовите движења, Хелсиншки комитет за човекови права, 2023 г.

МАРШ ЗА 8 МАРТ – „Ќе преживеат ли жените овде?“

Осмомартовскиот марш се одвиваше под паролата „Ќе преживеат ли жените овде?“, кој беше реакција на случувањата во државата и колективна негрижа кон жените и девојките во секој поглед. На маршот, активистките побараа воведување суштински промени со кои ќе се овозможи подобрување на положбата на жените во државата, и тоа:

- Системска превенција и заштита од сексуалното вознемирување, насилството врз жените и семејното насилство;
- Спроведување правда и одговорност за насилниците;
- Законска рамка што ќе ги заштити и ќе им овозможи на жените да работат без да треба да избираат меѓу семејството и работното место;
- Здравствен систем што нема да биде лотарија со 50/50 шанси за преживување;
- Медиуми што осудуваат наместо да пропагираат насилство;
- Жени во политиката, кои не се само симболични во нивната вклученост;
- На жените им се потребни осветлени и безбедни улици, редовен јавен превоз, чисти болници, пристап до сервиси/услуги и засолништа од насилство;
- Заедница што ќе ги прифати и ќе ги заштити кога се жртви на насилство, а нема да ги отфрли и да ги стигматизира;
- Пристап до образовни и професионални можности, кои раскрстиле со родовите стереотипи и традиционалните закоравени улоги;
- Конечно, на жените им се потребни слобода, еднаквост, солидарност, емпатија, разбирање и систем на вредност на кој може да се потпрат и да бидат активни чинители во него.

Во 2023 година, жените беа соочени со политики што не ги препознаваат нивните потреби, со институции што не ги заштитуваат и со механизми што се слепи за потребите за унапредување на родовата еднаквост. Против оваа колективна негрижа, неколку стотици луѓе заедно маршираа кон Владата, па сè до паркот „Жена борец“.



Извештај на ГРЕВИО за Северна Македонија

Во септември 2023 година, ГРЕВИО го објави својот Извештај во кој е оценет напредокот што Северна Македонија го постигнала во усогласувањето на својата правна и политичка рамка со Истанбулската конвенција. ГРЕВИО ги поздравува измените на Кривичниот законик од февруари 2023 година и фактот што Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство и Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската конвенција го препознаваат насилството врз жените како изразено родов феномен, како и тоа што двата инструменти се изготвени во соработка со граѓанските организации.

Сепак, според ГРЕВИО, усвојувањето на законските измени и донесувањето политики и стратегии е само првиот чекор. Сето ова треба да биде проследено со соодветни мерки за да се обезбеди нивно спроведување во практиката од страна на сите релевантни страни што доаѓаат во контакт со жени жртви на насилство, вклучително и преку обука, подигнување на свеста и обезбедување насоки за постапување, заштита и превенција. Ова се области во кои ГРЕВИО забележа одреден напредок, но, исто така, идентификуваше значителни празнини. Студиите за перцепциите и ставовите кон насилството врз жените и семејното насилство покажуваат дека негативните родови стереотипи што придонесуваат за такво насилство и натаму опстојуваат кај населението во Северна Македонија. Промовирањето промени во социјалните и културните форми на однесување на жените и мажите со цел да се искоренат патријархалните предрасуди, обичаите, традициите и сите други практики што се засноваат врз идејата за инфериорност на жените или на стереотипните улоги на жените и мажите треба да заземат централно место во понатамошните владини напори.

Дополнително, ГРЕВИО забележува дека со владините стратегии и акциски планови не се опфатени сите форми на насилство врз жените, како што се предвидени со Истанбулска-

та конвенција. Оттука, ГРЕВИО препорачува идните стратешки инструменти да се фокусираат и на останатите форми на насилство, како што се присилен брак, присилен абортус и неприфатливо оправдување за кривични дела, вклучително и на кривични дела извршени во името на таканаречената „чест“, со цел тие да добијат поголемо внимание. На маргинализираните групи жртви што се изложени на ризик од интерсекциска дискриминација треба да им се даде еднаков и непречен пристап до обезбедување услуги во практиката. ГРЕВИО препорачува да се работи на зголемување и зајакнување на сензибилизацијата во рамките на јавниот сектор, со цел да се охрабрат повеќе жени да го пријават насилството, но и за да се спречи секундарната виктимизација.

Извештајот на ГРЕВИО следува по широки консултации со невладиниот сектор одржани во септември 2022 година, откако во април 2022 година, Хелсиншкиот комитет во името на Платформата за родова еднаквост поднесе Извештај во сенка до ГРЕВИО. Заклучоците и препораките на ГРЕВИО до нашата држава во голема мера соодветствуваат со наодите на Хелсиншкиот комитет.

ПЛАТФОРМА „МЕДУЗА“

Во 2023 година, феминистичката неформална платформа „Медуза“ наврши 5 години од почетокот на својата работа и продолжи со својата мисија на феминистичка едукација, користејќи го дигиталниот простор и неговиот потенцијал за промоција на вредностите на еманципираност, солидарност и родова еднаквост, со особен фокус кон младите и маргинализираните групи, кои се составен дел од креирањето феминистички содржини за веб-страницата на „Медуза“.

Како дел од нашите напори за активна креација и архивирање на феминистичката мисла и акција, тимот на „Медуза“ ја изготви публикацијата „Новите добри времиња“, која е внимателно курирана збирка на феминистички есеи, разговори и песни, чија цел е да одговори на најмалку две горливи прашања што се релевантни за локалната и глобалната феминистка денес.

Првото е притисокот за ретрадиционализација на нашите земји и заедници предводени од антиродовото движење и конзервативните (формални и неформални) политички групи, како и религиозните институции, опфатени со често употребуваната фраза „старите добри времиња“. Второто прашање со кое се занимава збирката е опасноста дека оваа нова реалност го отвора патот кон политичка апатија и недостиг на мотивација за политичка мобилизација. Со новата публикација, „Медуза“ ја одбележа својата петгодишнина од постоењето, што ни даде шанса за размислување, но и простор за сонување и замислување на она што (би можело) да следува.

Може ли да замислиме нови времиња пред резигнацијата на фразата „старите добри времиња“ и глобалниот и локалниот бран на конзервативни и антипрогресивни политики и наративи? Поканети беа 20 феминистки (активистки, уметнички, истражувачи, режисери, архитекти, поети итн.) со цел да се обидат да замислат за какви (феминистички) утопии сонуваме или ни е дозволено да сонуваме. Печатената публикација на „Медуза“ има повеќе намени.

Од една страна, со печатењето една книга годишно успеваме да го спакуваме феминистичкиот дискурс од претходната година во материјален објект, кој е каталогизиран и кој служи како архива за феминистичкото знаење за идните генерации. Од друга страна, публикацијата им дава можност на новите гласови и креаторите на промени на иднината да имаат свој почеток во безбеден простор каде што може да учат, да ја подобрат својата комуникација, своите вештини за пишување и во текот на тој процес да растат како феминист/-ки, активисти и поединци.

ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

КЛУЧНИ НАОДИ

Хелсиншкиот комитет, во 2023 година, спроведе вкупно 10 посети во казнено поправните установи во КПД Идризово, КПД Штип, КПД Прилеп и Затвор Куманово. Осудените лица немаат соодветен пристап до здравствена заштита, ниту соодветни материјални услови за живеење, а програмите за ресоцијализација, условите за нивно имплементирање и постпеналната помош се сè уште недоволни и неприменливи. Пренатрупаноста, особено во КПД Идризово, каде што се наоѓаат најголем број осудени лица од кои повеќето се со безбедносен ризик, е алармантен проблем.

Во текот на 2023 година беше обезбедена бесплатна правна помош на 90 осудени лица и други лица во врска со прекумерна употреба на сила од страна на полициски службеници. Најчестите основи за кои осудените лица побараа правно советување се во врска со здравствената заштита, материјалните услови, видување со деца и вонбрачен партнер, храната и квалитетот на водата, правото на условен отпуст, преместување во друга казнено-поправна установа и остварување на правото на посета. Дел од осудените лица се пожалија дека биле жртва на корупција, но официјлано не ги пријавуваат овие случаи. Голем дел од осудените лица се пожалија дека, поради немањето на доволно медицински персонал, не можат да стигнат на ред да бидат прегледани.

Во периодот од октомври до ноември, 2023 година, беа спроведени 4 посети, и тоа – ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје", ЈЗУ Психијатриска болница Негорци, ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар и Специјалниот завод Демир Капија. Во овие установи се хоспитализираат лица кои недоброволно се задржуваат и лекуваат, а во нив има и судски оделенија во кои се чуваат и лекуваат пациенти со мерки за безбедност одредени од судот, односно лица лишени од слобода. Најголемиот проблем е големиот број пациенти кои немаат потреба за хоспитален третман, односно можат да живеат со поддршка, но поради недоволниот интерес за грижа од страна на семејствата и отсуство на продолжена грижа и поддршка во заедницата од страна на иституциите, оставени се во болниците. На тој начин се отежнува грижата за оние пациенти кај кои има реална индикација за хоспитален третман со оглед на големиот број пациенти, а малиот број на стручен персонал.

Хелсиншкиот комитет за човекови права во партнерство со Македонското здружение на млади правници го спроведуваше проектот „Борба против тортура и нехуман третман", финансиски поддржан од Европската Унија. Главната цел е елиминација на тортурата и нехуманиот третман во казнено-поправните установи и во психијатриските болници во Република Северна Македонија во согласност со меѓународните и европските стандарди.

МОНИТОРИНГ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

Во текот на 2023 година, Хелсиншкиот комитет спроведе вкупно 10 посети во казнено-поправните установи, од кои, во периодот од мај до јуни 2023 година, четири беа последователни посети во КПД Идризово, КПД Штип, КПД Прилеп и Затвор Куманово, за кои беше подготвен Извештај. Наодите во Извештајот се базираат врз податоците добиени од

спроведените посети од страна на тимот за мониторинг, кој изврши увид во просториите на казнено-поправните установи, обезбеди бесплатна правна помош, спроведе разговори со речиси сите директори на установите, како и со вработените од редот на припадниците на затворската полиција, социјалните работници, психолозите, правниците итн.

Забележано беше дека, и покрај многуте заложби од страна на државата, кај меѓународните и домашните организации за подобрување на условите во казнено-поправните установи сè уште постојат системските недостатоци. Очигледно е дека недостига соодветна меѓусекторска соработка меѓу надлежните институции, која е клучна за решавање на проблемите со кои се соочуваат лицата лишени од слобода во овие установи. Токму поради тоа, казнено-поправните домови потфрлаат во исполнувањето на своите законски обврски за надминување на проблемите што долго време се провлекуваат и оневозможуваат осудените лица да ги уживаат своите права и соодветно да се ресоцијализираат.

Осудените лица немаат соодветен пристап до здравствена заштита, ниту соодветни материјални услови за живеење, а програмите за ресоцијализација, условите за нивно имплементирање и постпеналната помош сè уште се недоволни и неприменливи. Истовремено, во овој период е забележано зголемено незадоволство на припадниците на затворската полиција, кои укажаа на тоа дека им е нарушена безбедноста и дека се соочуваат со сериозен проблем поради зголемениот број притисоци и закани кон нив лично, но и кон нивните семејства и блиски.

Корупцијата и натаму претставува сериозен проблем во установите, за што осудените лица редовно нè информираат. Но, поради страв да не ги загубат своите права и погодности, формално не сакаат да ги пријават овие случаи. Дополнително, она што беше забележано, а што особено загрижува е малиот број жалби поднесени од страна на осудени лица за донесени решенија за изрекување дисциплински мерки. Практиката покажува случаи кога осудените лица не ги примиле решенијата за изрекување дисциплинска мерка. На пример, доколку тие се наоѓаат во самица, решението е прикачено на вратата од самицата, а осудените лица успеваат да стапат во контакт со некоја невладина организација, правник и/или адвокат откако ќе завршат со издржувањето на дисциплинската мерка. Сите установи не ја почитуваат редовната формална постапка за изрекување дисциплински мерки, па во некои случаи воопшто нема ни донесено решение за изрекување дисциплинска мерка.

Како позитивна практика може да се забележи дека во некои казнено-поправни установи се прават напори за воспоставување мерки и активности за ресоцијализација, вокациски активности, како и зголемено работно ангажирање на осудените лица.

Пренатрупаноста, особено во КПД Идризово, каде што се наоѓаат најголем број осудени лица, од кои повеќето се со безбедносен ризик, е алармантен проблем за кој државата мора итно да најде решение. Само преку решавање на овој системски проблем може да се очекува остварување на ресоцијализацијата како една од главните цели на казната затвор и намалување на стапката на криминалот во државата. Во последните години е забележано зголемување на бројот на пробациски предмети и предмети за кои е изречена алтернативна казна, што, секако, претставува еден од позитивните примери за решавање на долготрајниот проблем со пренатрупаноста во казнено-поправните установи и за унапредување на ресоцијализацијата и реинтеграцијата на осудените лица.

ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Здравствената заштита во КПД Идризово се спроведува преку 1 лекарка и 2 медицински сестри, кои ја посетуваат установата само неколку часа во текот на денот, а тоа не е доволно за установа што брои над 1 000 осудени лица. Неопходно е да се обезбедат терапиите бупре-

норфин и метадон за сите на кои им се потребни, со цел континуиран третман на осудените лица без прекини од кои било причини, вклучувајќи го и ненавременото спроведување постапка за тендер од Министерството за здравство. На овој начин ќе се превенираат „црниот пазар", насилството, стресот и други психички и соматски последици. Од установата нѐ известија дека се соочуваат со големи долгови поврзани со здравствената заштита, кои произлегуваат од фактури од медицинските установи во кои ги спроведуваат осудените лица, а повторно поради отежнатите можности за организирање спроводи, не добиваат соодветна здравствена заштита. Понатаму, дијабетичарите не добиваат ленти за мерење на нивото на шеќер во крвта и нивните животи се загрозени, зашто самите, според своја процена, си го одредуваат количеството инсулин. Министерството за здравство треба да обезбеди соодветна здравствена заштита за осудените лица. Имајќи ги предвид финансиските импликации што произлегуваат од спроводите до здравствените установи и фактурите за здравствени услуги за осудените лица за казнено-поправните установи, државата треба да најде алтернативен начин за обезбедување соодветна здравствена заштита, која ќе биде обезбедена во установата или ќе бидат склучени јавно-приватни партнерства за обезбедување здравствена заштита.

Во КПД Прилеп, здравствената заштита се обезбедува преку две медицински сестри, кои секој ден се во установата во периодот од 7:30 до 15:30 часот, а по потреба и на повик. Иако веќе 4 години секојдневно се во установата, на медицинските сестри не им е регулиран редовен работен однос. Во установата, психијатар оди 2-3 пати во месецот и по потреба. Осудените лица користат стоматолошки услуги надвор од установата. Медицинската терапија целосно ја набавува установата од сопствени средства, но, сепак, некои лекови ги набавуваат осудените лица по претходно издаден рецепт. Голем дел од осудените лица се принудени самостојно да набавуваат бупренорфин, поради тоа што во Центарот за зависности во Битола немаат доволно капацитет. Здравствената заштита во Затвор Куманово ја спроведува медицинскиот техничар вработен во установата. Во установата, лекар оди двапати во неделата, а поради големата оддалеченост на установата од градовите Куманово и Свети Николе, итната медицинска помош не може навреме да пристигне за да им обезбеди здравствена заштита на осудените лица. Во установата нема можност за третман на осудени лица зависници со соодветна терапија, а само мал дел од лицата во затворот зависни од опијати добиваат соодветна терапија според медицина базирана врз докази. Во затворот е присутна и дрога – марихуана и илегално набавени лингвалети бупренорфин, според исказите на вработените и на осудените лица.

КРИЗНА СОСТОЈБА ВО КПД ИДРИЗОВО

На 6. јуни 2023 година, Владата донесе одлука со која се утврди „постоење кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба, на кое Казнено-поправната установа Идризово ја врши својата надлежност, со цел спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата". Од органите на државната управа се бара да преземат мерки и активности во согласност со прописите за управување со кризи, а од главниот штаб за управување со кризи при ЦУК се бара да ги следи состојбите, да ги координира активностите и редовно да ја информира Владата. Кризната состојба траеше 30 дена, при што, по прекин од 2 дена, повторно беше прогласена кризна состојба на 7.7.2023 година. На 27.7.2023 година, во рамките на 124 седница, Собранието едногласно со 62 гласа „за" ја донесе одлуката за одобрување на продолжувањето на рокот за постоење кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, со цел спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на КПУ Идризово.

Со прогласувањето на кризната состојба, припадници на МВР и на Армијата започнаа да го обезбедуваат затворот поради недостиг на чувари. Еден од главните проблеми со кои се соочува КПУ Идризово е недостигот на доволно кадар во затворот. Бројот на вработени лица во затворската полиција е недоволен за да ги задоволи секојдневните потреби и активности. Владата даде согласност за вработување нови 100 припадници на затворската полиција, по што кон крајот на 2023 година беа вработени 80 нови припадници на затворската полиција. Дополнително, за време на кризната состојба се обезбедени 40 милиони евра за реконструкција и изградба на нова зграда. Сепак, не треба да се заборави дека додека трае изградбата на нова зграда, осудените лица ќе бидат сместени во нехумани и супстандардни услови.

Државата мора да се осигури дека во своето постапување за време на кризна состојба ќе се почитуваат меѓународните стандарди и дека тоа нема да биде на штета на осудените лица што издржуваат казна затвор во КПД Идризово. Особено е значајно кризната состојба да не се продолжува до недоглед, особено поради тоа што станува збор за структурни недостатоци во пенитенцијарните установи што постојат од многу одамна, па решението не е прогласување кризна состојба, туку решавање на системските проблеми. Сепак, изградбата на новата зграда сè уште не е започната.

ОБЕЗБЕДЕНА ПРАВНА ПОМОШ

Во текот на 2023 година, бесплатна правна помош им е обезбедена на 90 осудени лица и други лица во врска со прекумерна употреба на сила од страна на полициски службеници. Најчестите основи за кои осудените лица побараа правно советување се во врска со здравствената заштита, материјалните услови, видувањето со деца и вонбрачен партнер, храната и квалитетот на водата, правото на условен отпуст, преместувањето во друга казнено-поправна установа и остварувањето на правото на посета. Дел од осудените лица се пожалија дека биле жртви на корупција, но официјално не ги пријавуваат овие случаи. Голем дел од осудените лица се пожалија дека поради недостигот на доволно медицински персонал, не може да стигнат на ред да бидат прегледани.

УПОТРЕБА НА ПРЕКУМЕРНА СИЛА И СРЕДСТВА ЗА ПРИСИЛБА

На 28. октомври 2023 година, полициски службеници од Бирото за јавна безбедност во координација со ОЈО Скопје, по претходно добиени оперативни сознанија и наредба за претрес од Основниот кривичен суд Скопје, извршија претрес во КПД Идризово во полуотворено одделение, при што беа пронајдени 63 мобилни телефони, 82 ножеви, 4 шила, 71 полнач за телефон и дрога. Според мислењето на Народниот правобранител, полициската акција се одвивала под видеонадзор, кој бил во слепа точка и нема прегледност. По акцијата, МХЦ и МЗМП го посетија КПД Идризово и разговараа со повеќемина осуденици, кои пријавија дека се повредени и опишаа дека претресот бил извршен на нечовечен начин и однесување од страна на полицијата. Во врска со горенаведените наводи, пратено е барање за информации и претставка до Секторот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија. Во одговорот од Секторот се наведува дека при претресот била употребена прекумерна полициска сила, а целиот случај е предаден на Основниот јавен обвинител за понатамошна истрага.

Во однос на маргинализираните заедници, ромското население сè уште е несразмерно погодено од тортура и понижувачки третман. Во мај 2023 година, Апелациониот суд Скопје донесе пресуда со која ефективната казна затвор во траење од 1 година за полицискиот службеник од Битола, прогласен за виновен за делото „Малтретирање во вршење на службата“ од

членот 143 став 1 в.в. 22 од Кривичниот законик, ја преиначи во делот на казната. Изречената казна од една година се зема за утврдена и истовремено се утврдува дека таа нема да се изврши доколку обвинетиот за време од 3 години по правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело. Предметот се однесува на полициската бруталност што се случи во Битола во септември 2020 година, за која имаше и видеодокументација што беше објавена на социјалните мрежи.

МОНИТОРИНГ НА ПСИХИЈАТРИСКИ БОЛНИЦИ И УСТАНОВИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Во периодот од октомври до ноември 2023 година беа спроведени 4 посети, и тоа во ЈЗУ Психијатриска болница Скопје, ЈЗУ Психијатриска болница Негорци, ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар и во Специјалниот завод Демир Капија. Овие установи беа избрани затоа што во нив се хоспитализираат лица што недоброволно се задржуваат и се лекуваат, а во нив има и судски одделенија во кои се чуваат и се лекуваат пациенти со мерки за безбедност одредени од судот, односно лица лишени од слобода.

Наодите во овој Извештај се базираат врз спроведени посети од страна на тимот за мониторинг, кој за време на посетите изврши увид во просториите на установите, спроведе разговор со директорите на установите, како и со вработените психијатри, лекари, психолози, социјални работници, медицински сестри, негуватели, болничари, пациенти итн.

Во согласност со членот 7 од Европската конвенција за спречување тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување, а со цел да се превенира ваквото постапување и казнување, потребно е мониторирање на сите установи каде што има лица лишени од слобода, вклучително и психијатриските болници и установите за социјална заштита.

Во последните наоди и препораки на Комитетот за превенција од тортура при посетата на психијатриските болници во Република Северна Македонија во 2019 година, се охрабруваат релевантните власти да обезбедат соодветна грижа во заедницата за пациентите со хронично ментално растројство што немаат потреба од болнички третман и грижа, но поради недостигот на соодветна грижа во заедницата, со години остануваат во болница.

Најголемиот проблем што го нагласија вработените во болниците е големиот број пациенти што немаат потреба за болнички третман, односно кои може да живеат со поддршка, но поради недоволниот интерес за грижа од страна на семејствата и отсуството на продолжена грижа и поддршка во заедницата од страна на институциите, оставени се во болниците. На тој начин се отежнува грижата за оние пациенти кај кои има реална индикација за болнички третман со оглед на големиот број пациенти, а малиот број стручен персонал.

При посетите увидовме дека постои проблем при водењето на пациентите како доброволно и недоброволно задржани пациенти, односно речиси сите пациенти, иако се недоброволно задржани, ги водат како доброволно задржани. Исто така, лица што се доброволно сместени, односно се водат како доброволно сместени и сакаат да ја напуштат болницата, доколку постојат медицински причини поради кои не е соодветно нивното пуштање, се задржувани во болницата без притоа да се трансформира задржувањето во недоброволно и да се извести судот, односно без да имаат корист од заштитните мерки предвидени со закон за недоброволно задржани пациенти, со што, всушност, се лишени од слобода. Ваквата практика придонела за големиот број пациенти што со години остануваат во болницата кога нема потреба од болнички третман, затоа што никој не сака или нема кој да се грижи за нив во заедницата. Голем дел од овие пациенти имаат развиено хоспитализам (посебен облик на однесување по долга хоспитализација), така што нивното излегување од болница-

та по 10, 20, па дури и 30 години поминати во психијатриска болница претставува сериозен предизвик.

Што се однесува до лековите, во болницата не се достапни сите потребни лекови, особено новите лекови и депо-препарати што се аплицираат месечно, со што се превенираат рецидивите на болеста при нередовно пиење на лековите што се ординирани од страна на психијатарот. Истите лекови биле достапни само на Психијатриската клиника, со што се дискриминираат пациентите што се лекуваат во психијатриските болници. Достапноста на овие лекови може да превенира рецидиви и влошување на болеста при самоиницијативен прекин на лековите од страна на пациентите, со што ќе обезбеди подобро функционирање на пациентите во заедницата, односно надвор од психијатриските болници, а со тоа ќе се превенира пренатрупаност на болниците, задржување пациенти во болниците со децении и развивање хоспитализам кај пациентите.

Персоналот соопштува дека има и злоупотреба на мерки изречени во вонпарнична постапка, со цел да се сместат пациенти во психијатриска болница поради изречени мерки за заштита од семејно насилство. Посочуваат пример на ваква изречена мерка од ЦСР Куманово, без да биде лицето воопшто дома, без да биде во семејството, односно тоа било сместено во психијатриска болница.

ЈЗУ Психијатриска болница Скопје

Вкупниот капацитет на болницата е 323 кревети, односно за 323 пациенти. Моменталната состојба за време на посетата беше 319 пациенти сместени во установата. Проблем со кој се соочува болницата е и недостигот на персонал, вклучувајќи и стручен медицински кадар.

Насилните пациенти, особено оние од судското одделение, се одвоени од останатите судски пациенти во посебен објект. Во однос на пациентите од судското одделение што се одвоени, мора да се истакне дека при посетата, вратата на објектот ни ја отворија самите пациенти, а обезбедувањето се појави подоцна. Исто така, во однос на овие пациенти, се разговараше за тоа дали навистина сите тие треба да се сместени во оваа установа со оглед на нивната здравствена состојба, начинот на комуникација и способноста за расудување, односно дали можеби не е потребно преиспитување на мерките за безбедност што ги добиле.

Во однос на употребата на стеги и изолација, односно фиксација, нема посебни соби со посебно огледало за фиксирани пациенти во сите одделенија. Ни беше укажано дека при фиксацијата не помагаат пациенти и дека фиксацијата ја прават изолирано, во случаи кога е потребна, но на одделението за насилни машки пациенти (второ машко одделение) добивме информација дека фиксацијата може да се случува и пред очите на други пациенти. Постои протокол за примена на стеги. Лицата врз кои се употребуваат стеги и изолација се следат најчесто на секои 15 минути, а поради дефицит на персонал, нема можност за физичко присуство и постојано надгледување на пациентите врз кои се применуваат овие мерки. Во собите во кои се применуваат овие мерки нема тоалети. Податоците за овие постапки се запишуваат во тетратки.

Хигиената во сите одделенија е на многу ниско ниво и материјалните услови во болницата се лоши. Забележано е сместување по осуммина пациенти во соба, лоши материјални услови во тоалетите, пушење во сите простории и предизвици во одржувањето на приватноста. Дел од одделенијата се целосно нови и условите се сосема задоволителни. Целата опрема е нова и пациентите во овие одделенија живеат во многу подобри услови во споредба со останатите.

ЈЗУ Психијатриска болница Негорци

Посетата на ЈЗУ Психијатриска болница Негорци започна со разговор со директорот на установата. За време на посетата, во болницата беа сместени 231 пациент, а капацитетот изнесува 220 + 15 дополнителни слободни кревети. Вознемирени пациенти што може да си наштетат себеси или на другите се фиксираат најдолго до два часа во посебни соби со магнетни фиксатори и со непробојно стакло и изолација, преку кои се гледа во два правци, така што пациентот цело време го гледа персоналот, а во истата соба, со пациентот физички е присутно уште едно лице од персоналот. Откако ќе се смири лицето, уште некое време поминува во друга соба сè уште под надзор, иако повеќе не е фиксиран со стеги, се разговара со него, па потоа се враќа на одделението. Во болницата имаат две такви простории, од кои едната е машка, а другата е женска просторија. Се води посебна евиденција за фиксација – се потпишуваат лекари што ја следат ситуацијата. Собите се изолирани со сунѓер и скај и се настрана од собите за сместување во одделенијата. Посебни соби има во сите одделенија, со по еден кревет внатре. Болницата има одделение за работна терапија, во кое пациентите имаат различни креативни и други активности, како што се сликање, цртање, плетење и слично, но многу не се користи.

Состојбата на одделенијата во болницата е на задоволително ниво. Некои од нив се поскоро реновирани, некои се постари објекти и очигледно е дека внатрешноста е постара, но сите имаат задоволителни услови за престој. Хигиената е на високо ниво во сите одделенија, иако болницата има само една хигиеничарка. Видливи се редот и организираноста во просториите. Дворот на болницата е исто така одржуван, чист и добро уреден. Некои од одделите се на два ката, има вецеа на секој од катовите, како и бања за пациентите. Во собите има кревет за секој пациент, иако некои од душеците се прилично стари и истрошени. Од болницата рекоа дека во моментот прават набавка на нови душеци со кои ќе се заменат старите.

Во некои од одделите е забележано дека во собите има повеќе кревети во согласност со големината на собата (на пример, во хроничното машко одделение). Судското одделение има посебен ограден двор во кој пациентите може да се дружат, од кој еден дел е покриен со натстрешница за да може да седат кога паѓа дожд, а другиот дел е отворен и ни рекоа дека во него понекогаш разговараат со пациентите.

ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар

Вкупниот капацитет на болницата е 332 кревети, односно за 332 пациенти. Моменталната состојба за време на посетата беше 269 во согласност со списокот што беше споделен со нас, а според кажувањата на претставниците на установата, бројката е 254 пациенти сместени во соодветни одделенија. Установата има пратено барање за да се отвори дополнително одделение, односно хронично одделение, затоа што е големо за да се подели во две одделенија. Исто така, во рамките на оваа болница има и две ЦМЗ – во Прилеп и во Демир Хисар, а планирано е да се отворат уште два нови дневни центри во Кичево и во Битола.

Во болницата има патронажна служба, која еднаш месечно, по потреба и почесто, ги посетува пациентите што се дома и на некои од нив им аплицира месечна терапија (депо-инјекција), со цел да се превенираат рецидиви на болеста и враќање на пациентите на болнички третман, што претставува добра практика.

Во однос на фиксацијата, се користат магнетни каиши. Ни беше укажано дека при фиксацијата не помагаат пациенти и дека неа ја прават лично во случаи кога е потребна. Лицата врз кои се употребуваат стеги и изолација се следат најчесто на секои 15 минути, а поради дефицит на персонал, нема можност за физичко присуство и постојано надгледување на пациентите врз кои се применуваат овие мерки. Во собите во кои се применуваат ваквите

мерки нема тоалети. На сите одделенија нема посебни соби за фиксација со прозорче. Има две нови соби за фиксација на второто и на петтото одделение. Има регистар за присилни хоспитализации, регистар за ограничувања и регистар за несакани настани. Од коментарите на вработените заклучивме дека не е постојано присутно вработено лице додека се врши фиксација, туку го проверуваат претрчувајќи за други работи низ одделот.

Во рамките на болницата има центар за рехабилитација, во кој ги подготвуваат за излегување и обезбедуваат окупациона терапија за пациентите. Некои пациенти секојдневно го посетуваат центарот за рехабилитација, а позитивно е и тоа што болницата организира редовни прошетки, излети, екскурзии и активности надвор од неа, но и театарски и музички претстави, како и други културни активности.

Постојат два проекта за изградба на нови болнички згради, но иако се изготвени во 2016 година, тие сè уште не се реализирани и за нив нема обезбедени буџетски средства.

Материјалните услови во целата болница се на многу ниско ниво и сите објекти се стари, па оттука, сите обиди за некакво реновирање се незабележливи и недоволни. Нечистотијата беше забележлива во дел од просториите. Тоалетите во сите одделенија беа на многу ниско ниво и под сите стандарди, а во голем дел немаше ниту капак на тоалетите, ниту, пак, хартија и сапун. Во секое одделение има посебна просторија за трпезарија. Видно беше дека се обезбедени нови ќебиња и јоргани за пациентите.

ЈУ Специјален завод Демир Капија

Бројот на корисници во установата е 56, а од 2017 година не се примаат корисници во заводот, туку само во станбените единици. Во станбените единици има 76 корисници во вкупно 8 станбени единици во Демир Капија, 6 станбени единици во Неготино и две станбени единици во Скопје. Во станбените единици во Демир Капија и во Неготино има по двајца координатори, а во Скопје еден. Проблем претставува тоа што од 57 корисници сместени во заводот, 22 имаат старатели, а на 13 им е одземена деловната способност. Вкупно 25 корисници немаат старатели, а не им е одземена деловната способност, па затоа се поставуваат старатели за посебни случаи, по потреба. Како една причина зошто не им се одзема деловната способност, иако поради попреченоста не се способни за расудување, се нагласува чинењето на постапката за одземање способност.

Новиот објект, кој е изграден и кој бил делумно користен во периодот на пандемијата предизвикана од КОВИД-19, моментално е празен и целта е во него да се преселат корисниците со рок до крајот на декември 2023 г., со оглед на подобрите услови и новите простории во него. Сепак, во однос на корисниците од одделот Ц, има задршки за селење во новите објекти од страна на раководството на установата и МТСП, односно постои страв од брзо уништување и руинирање на објектот, со оглед на досегашните однесувања на тие пациенти. Сакаме да нагласиме дека тоа би претставувало нееднаков третман во однос на останатите пациенти, па во овој дел треба да се направи план за соодветен начин на преселба. Исто така, бевме известени дека процесот на деинституционализација е завршен во март. Во установата се сместени корисници со тешка и длабока попреченост.

Состојбата во одделот А е на задоволително ниво. Мебелот и инвентарот се стари, но хигиената е на задоволително ниво. Состојбата во одделот Б е на пониско ниво во споредба со одделот А. Состојбата на делови од ѕидовите е на многу ниско ниво, а во многу од собите и ходниците ѕидовите се уништени и распукани. Состојбата во одделот Ц е на екстремно ниско ниво. Силна, непријатна, речиси неподнослива миризба се чувствува уште пред скалите што водат кон одделот. Веднаш се забележува поголема руинираност на целиот простор. Одделот има две простории од левата и десната страна на скалите. Самите простории се во лоша состојба, а пациентите се групно сместени како во отворен простор.

ДИГИТАЛНИ ПРАВА И СЛОБОДИ

Дигиталните права и кибер безбедноста остануваат во фокусот на стратешките определби на Комитетот со оглед на тоа што со сè поголемата дигитализација и развојот на дигиталните технологии се отворија нови канали за размена на идеи, информации, истражувања и други активности кои се случуваат во дигиталниот простор.

Од друга страна, колку што е поголем дигиталниот простор, толку е поголем и просторот за прекршувања. Човековите права важат подеднакво во физичкиот простор, како и во дигиталниот простор.

Хелсиншкиот комитет ќе продолжи да работи во насока на заштита и интеграција на човековите права во дигиталниот простор, како и да придонесе кон подобрување на домашните регулативи и политики по однос на дигиталните права и безбедноста.

Хелсиншкиот комитет имајќи го предвид брзиот развој на технологијата како и масовната употреба на дигитални алатки во секојдневниот живот, како и сè поголемата потреба за заштита на човековите права и слободи во дигиталниот простор во Северна Македонија, во текот на 2023/2024 година го спроведува проектот „Креирање на побезбедна дигитална средина за младите". Проектот има за цел унапредување на знаењето на младите, особено оние кои припаѓаат на ранливите групи, како што се ЛГБТИ лицата, припадниците на етничките малцинства, припадниците на ромската заедница, лицата со попреченост за безбедно користење и заштита во интернет просторот.

Заради вклучување на младите, Хелсиншкиот комитет за човекови права, во текот на 2023 година, склучи три меморандуми за соработка со Сојузот на средношколци, Младинскиот образовен форум и Националниот младински совет

Со овој проект Хелсиншкиот комитет успева да ги гради и своите капацитети и да вгради култура на поголемо внимание и одговорност, но и да се насочува кон современите стандарди и добри практики во дигиталниот простор.

ГОВОР НА ОМРАЗА

КЛУЧНИ НАОДИ

Во текот на 2023 година, Хелсиншкиот комитет регистрираше 1171 случаи на говор на омраза; 646 од нив беа сторени врз основа на етничка припадност, 248 поради сексуална ориентација и родов идентитет, 275 случаи врз основа на национална припадност, 149 поради политичко уверување и 80 случаи врз основа на род и пол.

Во овој период беа пријавени 8 (осум) случаи до ОЈО Скопје и до ОЈО Гостивар и 3 (три) случаи на вознемирувачки говор пријавени до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Од 8 пријави до Јавното обвинителство, 4 се однесуваат на говор на омраза поради сексуална ориентација, 2 поради етничка припадност, 1 е врз основа на пол и 1 по повеќе основи и тоа сексуална ориентација и пол и род. Една пријава врз основа на сексуална ориентација беше отфрлена од јавното обвинителство, додека останатите 7 се сè уште во постапка. Од 3 случаи на вознемирувачки говор пријавени до КСЗД, 2 се врз основа на сексуална ориентација и еден врз основ на род. Во еден од тие случаи, КСЗД донесе мислење дека е сторена дискриминација во форма на вознемирувачки говор од страна на политичката партија Интегра против ЛГБТИ+ лицата. Останатите 2 пријави се отфрлени поради неуредност на претставките. Оттука се јавува и предизвикот за поднесување претставки за вознемирувачки говор онлајн на социјалните мрежи, во услови кога Комисијата нема механизам за пронаоѓање на адресата на сторителите. МХК започна еден стратешки случај пред домашните правосудни органи и подоцна пред Европскиот суд за човекови права.

Во текот на 2023 година, на платформата https://govornaomraza.mk/беа регистрирани 1 171 случаи на говор на омраза; 646 од нив беа сторени врз основа на етничка припадност, 248 поради сексуална ориентација и родов идентитет, 275 случаи врз основа на национална припадност, 149 поради политичко уверување и 80 случаи врз основа на род и пол.

Анализирајќи ги случаите на говор на омраза врз основа на етничка припадност, се забележува дека овој феномен произлегува од недостигот на критичка мисла и изразување незадоволство кон државните власти и нивните политики; преовладуваат предрасуди и стереотипи кон различните етнички заедници, кои најчесто се претставени како „злото“ во државата и како причина за нефункционалноста на системот. Навредите на етничка основа најчесто имаат и политички контекст. Во регистрираните случаи се забележува и дискурс што се навраќа на военото конфликт од 2001 и го интензивира говорот на омраза.

Одредени настани го засилуваат етнички заснованиот говор на омраза, како што беа навредите и злонамерниот говор кон двете најголеми етнички заедници откако беше објавена веста за снабдувањето со електрична енергија на ЕВН во доминантно албанското село Слупчане или, пак, поставувањето на знамето на Голема Албанија по повод пречекот на премиерот на Косово и веста за отворање улица во Тетово од страна на градоначалникот на Тетово кога во публиката се вееше знамето на Голема Албанија.

Говорот на омраза е широко распространет и видлив на спортски натпревари, како што беше фудбалскиот натпревар меѓу Вардар и Шкупи, каде што навредливи националистички слогани предизвикаа меѓуетнички тензии и говор на омраза на социјалните мрежи.

Втор најзастапен е говорот на омраза кон сексуалните малцинства и луѓето со различни родови идентитети во државата; регистрирани беа 298 случаи или 19 % од вкупниот број пријави на говор на омраза. Во коментарите на социјалните мрежи се забележува изразување згрозеност кон ЛГБТИ заедницата како резултат на предрасудите и лажните вести што се шират против оваа заедница.

Бројот на случаи на говор на омраза покажува тренд на зголемување во одредени периоди, како што е Меѓународниот ден на видливост на трансродовите лица на 31 март, кога се одржува годишниот Марш за видливост на трансродовите лица. На социјалните мрежи беше забележан трансфобичен говор, кој беше проследен со дезинформации што поттикнуваат омраза и згрозеност кон оваа маргинализирана група граѓани. Предрасудите кон ЛГБТИ заедницата беа особено видливи на 17 мај – Меѓународниот ден против хомофобија, трансфобија и бифобија. Во јуни, месецот на гордоста, беше регистриран рекорден број од 105 случаи (57 %) на говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, како и 46 случаи (25 %) поради етничка припадност и 13 (7 %) случаи врз основа на национална припадност.

Предрасудите кон ЛГБТИ+ заедницата излегоа на виделина и говорот на омраза се зголеми пропорционално со видливоста на оваа заедница. Од прес-конференцијата за најавата на Парадата на гордоста на 4 јуни, па сè до Парадата на гордоста на 24 јуни беа забележани коментари што поттикнуваат омраза, омаловажување, повикуваат на насилство и ликвидација на оваа заедница. Иако говорот на омраза на социјалните мрежи насочен кон оваа заедница беше многу распространет, обвинителството не покрена ниту една постапка по службена должност за заштита на оваа заедница од говорот на омраза.

Во овој период беа пријавени 8 (осум) случаи до ОЈО Скопје и до ОЈО Гостивар и 3 (три) случаи на вознемирувачки говор пријавени до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Од 8 пријави до Јавното обвинителство, 4 се однесуваат на говор на омраза поради сексуална ориентација, 2 поради етничка припадност, 1 е врз основа на пол и 1 по повеќе основи, и тоа сексуална ориентација и пол и род.

Пет од пријавите се кривични пријави за сторено дело „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“ од членот 394г од Кривичниот законик; 2 кривични пријави за сторено дело „Предизвикување национална, расна или верска омраза, раздор и нетрпеливост“ од членот 319 од КЗ, една кривична пријава за сторено дело „Предизвикување национална, расна или верска омраза, раздор и нетрпеливост“ од членот 319 во однос со кривичното дело „Загрозување на сигурноста сторено од омраза“ од членот 144(3) од Кривичниот законик и една кривична пријава за сторено дело „Одобрување или оправдување геноцид, злосторства против човештвото или воени злосторства“ од членот 407-а од Кривичниот законик во врска со делото „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“ од членот 394г од Кривичниот законик.

Една пријава врз основа на сексуална ориентација беше отфрлена од јавното обвинителство, додека, пак, останатите 7 сè уште се во постапка.

Од 3 случаи на вознемирувачки говор пријавени до КСЗД, 2 се врз основа на сексуална ориентација и еден врз основа на род. Во еден од тие случаи, КСЗД даде мислење дека е сторена дискриминација во форма на вознемирувачки говор од страна на политичката партија Интегра против ЛГБТИ+ лицата. Останатите 2 пријави се отфрлени поради неуредност на претставките. Оттука се јавува и предизвикот за поднесување претставки за вознемирувачки говор онлајн на социјалните мрежи, во услови кога Комисијата нема механизам за пронаоѓање на адресата на сторителите.

Еден стратешки случај беше започнат пред домашните правосудни органи и подоцна пред Европскиот суд за човекови права.

СТРАТЕШКО ЗАСТАПУВАЊЕ

Жалителката е активистка за човекови права и права на ЛГБТИ заедницата во Република Северна Македонија, која целата своја професионална кариера ја има поминато за нивно унапредување и заштита, а истовремено е отворена за својата сексуална ориентација како лезбејка. Во моментот на настанот, жалителката беше вработена во Хелсиншкиот комитет за човекови права.

На ден 11.4.2023 година, лицето Љупчо Ристовски, како претседател на политичка партија Интерга дал изјава што е пренесена и објавена од повеќе електронски медиуми – интернет-портали, и тоа: www.24info.mk, www.a1on.mk, https://netpress.com.mk/и www.vecer.press, со наслов „Непримерен притисок врз јавноста со ЛГБТ+ медиумските кампањи“, со која шири говор на омраза против лицата припадници на ЛГБТИ+ заедницата. Во изјавата пренесена од интернет-порталите, политичката партија Интегра и лидерот Љупчо Ристовски реагираа и укажуваа на тоа дека се прави непримерен притисок врз македонската јавност од страна на американската амбасада во корист на активностите на ЛГБТИ+ заедницата, нарекувајќи ги нивните активности и сексуалната ориентација „неприродни“, „противприродни“ и извитоперени безумија што треба да останат во приватната сфера и да престанат да ги натураат на македонското општество. Притоа во изјавата се наведува дека со медиумски кампањи се трујат децата и потомството со искривени и ѓаволски погледи на светот, алудирајќи на погледите и вредностите на ЛГБТ+ заедницата. Притоа, преку изјавите со хомофобичен контекст, се повикува дека не смее да се дозволи „ненормалното да станува нормално“, а „нормалното да е под мобинг од ненормалното“, како и дека тоа зло (мислејќи на хомосексуалноста) мора да се сопре и да се сосече во корен, пред сè, поради идните генерации.

Истовремено во изјавата се истакнува дека на сегашните и на идните генерации треба да им се обезбедат услови за правилен раст и развој и да се воспитуваат во нормален и пристоен поглед на светот, алудирајќи на тоа дека погледот на светот на припадниците на ЛГБТ+ заедницата е ненормален и непристоен и претставува страничен експеримент на умот.

По повод оваа изјава од страна жалителката и жалителот, Хелсиншки комитет за човекови права во април 2023 година до Основното јавно обвинителство Скопје поднесе кривична пријава против политичката партија Интегра и нејзиниот претседател Љупчо Ристовски за кривичното дело „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“ од членот 394г од Кривичниот законик.

Постапувајќи по кривичната пријава, Основното јавно обвинителство преку надлежниот јавен обвинител донесе решение во јуни 2023 година, со кое кривичната пријава се отфрла бидејќи пријавеното дело не е кривично дело за кое се гони по службена должност, со образложение дека не може да се утврди ниту едно дејство на ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем што би промовирал и би поттикнувал омраза кон оштетените, туку дека станува збор за неодобрување, неприфаќање на активностите на ЛГБТИ заедницата преку изразување лично мислење за оваа заедница.

Незадоволни од вака донесената одлука на Основно јавно обвинителство Скопје, жалителите поднесоа жалба до Вишото јавно обвинителство Скопје. Постапувајќи по жалбата, Вишото јавно обвинителство Скопје ја одби жалбата како неоснована и го потврди првостепеното Решение. Причините за одбивање се идентични со оние наведени во решението со кое се от-

фрла кривичната пријава, донесено од Основно јавно обвинителство Скопје, без соодветно проучување и испитување на жалбените наводи.

Со тоа, одлуката да не се поведе кривична постапка против пријавените пред надлежните судови во Република Северна Македонија стана конечна и против оваа одлука се исцрпени сите правни средства согласно домашната регулатива, со што Република Северна Македонија уште еднаш, како дел од хроничната појава, остава да поминат неказнети ваквите тенденциозни појави на ширење говор на омраза со која припадниците на ЛГБТИ заедницата се карактеризираат како ненормални и непристојни. Поради ова, жалителката и Хелсиншкиот комитет за човекови права поднесоа жалба до Европскиот суд за човекови права за повреда на членот 8 „Право на почитување на приватниот и семејниот живот", членот 14 „Забрана на дискриминација" и членот 17 „Забрана на злоупотреба на правата" од Европската конвенција за човекови права.

АНАЛИЗИ НА ГОВОР НА ОМРАЗА

Во текот на 2023 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права издаде две анализи за законодавството и институционалниот јаз за говорот на омраза во Северна Македонија во согласност со меѓународните и европските стандарди, особено фокусирајќи се на маргинализираните заедници. Секоја анализа е достапна на англиски и на албански јазик.

Анализата на институционалниот јаз во однос на регистрирањето и обработката на говорот на омраза во Република Северна Македонија[23] се обидува да одговори на комплексното прашање околу градење на стратегијата – системски одговор за спречувањето и санкционирањето на говорот на омразата како на традиционалните медиуми, така и на „онлајн" медиумите. Особено се разработуваат криминалистичките „приземни" аспекти кои треба да бидат земени во обѕир при градењето на таа стратегија.

За да се регистрира и обработи говорот на омраза, доколку се подразбира елементарна статистичка обработка, најпрвин треба да постои во државата соодветна и поволна легислативна реалност која ќе ги овласти службените лица да ги регистрираат податоците до кои доаѓаат работејќи во оние државни органи кои имаат надлежности да се борат со говорот на омраза како појава. Потоа согласно позитивните законски прописи за административно работење и архивирање секој државен орган има должност да се грижи за овие податоци и по потреба на државата да ги канализира во еден центар. Ultima ratio доколку се подразбира „обработување" во смисла на делување и борба против ваквите деликти и доколку и за тоа, исто така, постои легислативна поволна клима, во тој случај овие службени лица не треба да останат пасивни и само да евидентираат, туку треба да делуваат превентивно или репресивно, согласно Законот. Токму овие работи ги обработува оваа анализа.

Анализата на законската рамка на Северна Македонија за регулирање на говорот на омраза[24] дава преглед на постоечката законска рамка која го регулира говорот на омраза и нејзината соодветност во ефективната борба со овој феномен, притоа надоврзувајќи се на постојните меѓународни договори на Обединетите нации и Советот на Европа и други релевантни инструменти за поставување стандарди користејќи ги наодите и препо-

23 Англиски јазик: https://mhc.org.mk/en/news-en/analysis-to-determine-the-institutional-gap-regarding-the-registration-and-processing-of-hate-speech-in-the-republic-of-north-macedonia-2/ Албански јазик: https://mhc.org.mk/sq/lajme/analize-per-percaktimin-e-zbrazetires-institucionale-ne-lidhje-me-regjistrimin-dhe-perpunimin-e-rasteve-te-gjuhes-se-urrejtjes-ne-republiken-e-maqedonise-se-veriut-2/

24 Англиски јазик: https://mhc.org.mk/en/publicationsanalyzes-en/analysis-on-the-legal-framework-in-north-macedonia-on-regulating-hate-speech/ Албански јазик: https://mhc.org.mk/sq/publicationsanalyzes-sq/analiza-e-kornizes-ligjore-te-maqedonise-se-veriut-per-rregullimin-e-gjuhes-se-urrejtjes/

раките на телата за мониторинг на Советот на Европа особено Препорака CM/Rec(2022)16 за борба против говорот на омраза и „Општата препорака за политики бр. 15 за борба против говорот на омраза“ на Европската комисија против расизмот и нетолеранцијата (ЕКРИ), како и пошироките меѓународни и европски стандарди за човекови права. Анализата исто така ги вклучува и извештаите на невладините организации активни во оваа област, како што се Хелсиншкиот комитет за човекови права и ИЛГА Европа. Воедно, анализата опфаќа компаративни примери од други држави во однос на законодавството за говор на омраза, особено во делот на справувањето со говорот на омраза на интернет.

Посебно внимание е посветено на меѓународните стандарди и европски акти во однос на националното законодавство за регулирање на говорот на омраза на интернет. Анализата прави проценка на соодветноста на македонското законодавство за говор на омраза во ефективното справување на институциите со говорот на омраза.

Двете анализи беа промовирани на јавен настан одржан на 12 октомври 2023 година, предводен од модераторката од Фондацијата Метаморфозис и четворица говорници, и тоа професорката д-р Елена Михајлова Стратилати, јавниот обвинител д-р Александар Маркоски, комесарката во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Весна Бендевска, и адвокатката и практичарка Бојана Неткова. Извршната директорка на Хелсиншкиот комитет, Уранија Пировска, се осврна на долгогодишната работа на Комитетот во истражување и справување со феноменот говор на омраза и на тоа дека, и покрај тоа што Хелсиншкиот комитет редовно пријавува случаи на говор на омраза до обвинителството, сепак отсуствува соодветен одговор од страна на органите на прогонот.

КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

КЛУЧНИ НАОДИ

Хелсиншкиот комитет, во 2023 година регистрираше 197 потенцијални инциденти на злосторства од омраза од кои 35 се инциденти со јасни пристрасни индикатори. Инциденти што се случуваат врз основа на етничка припадност сè уште се најзастапени со 90,86% од вкупниот број регистрирани инциденти. Младите лица сè уште, најчесто, се вклучени во пристрано мотивирани инциденти, и како сторители и како жртви. Значајно влијание во зголемувањето на довербата кај ЛГБТИ заедницата се и двете позитивни судски пресуди со кои на сторители на дело од омраза врз основа на сексуална ориентација, им беше одредена казна затвор.

За пристрасно мотивираните инциденти сè уште не се води соодветна статистика од страна на надлежните органи. Иако Министерството за внатрешни работи води и објавува некаква статистика во своите годишни извештаи, сепак, се чини дека при известувањето не е направена јасна разлика помеѓу говорот на омраза и делата од омраза. Направени се многу мали напори за воведување превентивни мерки, вклучително и едукација за човековите права и кревање на јавната свесност, особено меѓу средношколците и младите, со оглед дека мнозинството од жртвите се малолетни или млади.

КОНТЕКСТ

Европската комисија (ЕК) веќе петта година[25] по ред во својот Извештај за Северна Македонија во 2023 година забележува дека достапноста на официјални податоци за криминалот од омраза останува спорадична, и покрај напорите на власта да развие систем за регистрирање и собирање податоци. Дополнително, Европската комисија ја потенцира неопходноста од вложување напори за да се зголемат капацитетите на полицијата и правосудните органи за поефективно спречување и гонење на сите инстанци на насилство, злосторства од омраза и говор на омраза, како дел од поширок напор за поттикнување потолерантна и недискриминаторска култура во општеството.[26] ЕК го забележува и Хелсиншкиот комитет како единствена граѓанска организација што продолжува успешно да собира и да анализира податоци за злосторства од омраза. ЕК констатира дека треба да постои систематска практика на собирање податоци и справување со говорот на омраза и криминалот од омраза.[27]

Генералниот заклучок е дека соодветното и времено препознавање и регистрирање на злосторствата од омраза од страна на полициските службеници, органите на прогон и судските власти и натаму останува на незадоволително ниво. Министерството за внатрешни работи до ОБСЕ/ОДИХР известило за 52 неодредени инциденти во 2023 година и два ин-

25 Европска комисија, *Северна Македонија 2019 Извештај*, Брисел, 29 мај 2019, стр. 20, 24, 30, 31, Европска комисија, *Северна Македонија 2020 Извештај*, Брисел, 6 октомври 2020, стр. 32, Европска комисија, *Северна Македонија 2021 Извештај*, Брисел, 19 октомври 2021, стр. 32, Европска комисија, *Северна Македонија 2023 Извештај*, Брисел, 12 октомври 2023, стр. 32–35.

26 Европска комисија, *Северна Македонија 2023 Извештај*, Брисел, 8 ноември 2023, стр. 34.

27 *Ibid*, стр. 34.

циденти на физички напад врз ЛГБТИ луѓе.[28] Во годишниот извештај на Министерството за 2023 година во делот за кривични дела од омраза е објавен податок за вкупно 41 кривично дело што содржат елементи на омраза.[29] Сепак, од прегледот на статистиката на МВР се забележува дека 31 од нив се кривични дела „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем", 6 се „Загрозување на сигурноста по пат на информатички систем", 2 кривични дела „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа" и по едно дело „насилство" и „расна и друга дискриминација".[30] Вака претставената статистика укажува на тоа дека Министерството за внатрешни работи не прави раздвојување на говорот на омраза и криминалот од омраза.

Овој извештај точно покажува чии права најмногу се повредени во изминатиот период и каде се неопходни итни и ефективни интервенции за да се спречат идни штети. Оттука, извештајот може да претставува корисна алатка за понатамошни чекори на носителите на одлуки.

Број на инциденти

Во 2023 година, МХК регистрираше 197 потенцијални инциденти на злосторства од омраза, од кои 35 се инциденти со јасни пристрасни индикатори.[31] Инцидентите беа регистрирани веднаш откако беа објавени од медиумите или од Министерството за внатрешни работи во своите дневни билтени.

За потенцијалните инциденти беше побарана потврда од Министерството за внатрешни работи, и тоа за 151 потенцијален инцидент до СВР Скопје, за 14 потенцијални инциденти до СВР Тетово, за три потенцијални инциденти до ПС-ОН Гостивар и по еден потенцијален инцидент до СВР Куманово и СВР Струмица. СВР Скопје во својот одговор ни даде податоци само за поднесените кривични/прекршочни пријави и кривичните дела/прекршоци за потенцијалните инциденти, без притоа да одговори на тоа дали постојат индиции што укажуваат на тоа дека инцидентите се случени поради одредена заштитена карактеристика на инволвираните лица согласно членот 122 став 42 од Кривичниот законик. Сепак, од добиениот одговор може да се забележи дека за ниту еден случај во кој е поднесена пријава, делото не е квалификувано како кривично дело или прекршок сторено од омраза. СВР Тетово во своето известување изречно наведе дека наведените дела не се сторени од омраза, додека, пак, ПС-ОН Гостивар достави податоци од кои се забележува дека во конкретните случаи нема пристрасни индикатори. СВР Куманово и СВР Струмица не доставија одговор на поднесените барања за информации од јавен карактер.

За најголем дел од непотврдените потенцијални инциденти и дела од омраза, а во согласност со другите индикатори (локација, начин на извршување, инволвираност на малолетници и средношколци и сл.) постои разумно верување дека се сторени поради етничката припадност на жртвата, односно на сторителот. Потенцијалните инциденти сепак се вклучени во извештајот затоа што се поврзани со ситуации каде што според другите индикатори постои основа за верување дека овие инциденти се пристрасно мотивирани.

28 Види повеќе на: http://hatecrime.osce.org/north-macedonia.

29 Министерство за внатрешни работи, *Годишен извештај 2023* година, стр. 69. Достапно на: https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Godisen%2izvestaj/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%202023.pdf.

30 *Ibid*, стр. 70.

31 Инцидентите со јасни пристрасни индикатори се објавени на веб-страницата www.zlostorstvaodomraza.com.

Меѓу овие пристрасни индикатори се и:

– перцепција на жртва/сведок;

– коментирање на самото место;

– разликата меѓу жртвата и сторителот на етничка основа;

– модел/зачестеност на претходни инциденти;

– природа на насилството;

– отсуство на други мотиви; и

– место и време.

Поточно, потенцијалните инциденти се вклучени во овој извештај поради добиените информации за местото (пример: етнички мешана населба или училиште, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници, места каде што во минатото се случувале злосторства од омраза), видот (пример: поголема група малолетници напаѓаат една или повеќе жртви без никаква провокација, групни пресметки, напади во автобуси или на автобуски постојки), времето (пример: по претходни пресметки како форма на одмазда, по училиште, за време или по спортски натпревар) и оштетениот имот за време на инцидентот (пример: места на религиозни обреди).



Етничката основа (179 инциденти, 90,86 %) повторно го зазема најголемиот дел од основите за извршените злосторства од омраза во 2023 година. Мотивот во 2 инциденти претставува политичкото уверување и политичката определеност, 6 инциденти се случиле како резултат на религиозни уверувања, 2 инциденти се мотивирани од сексуална ориентација и 8 инциденти се случиле врз основа на некои други заштитени карактеристики. Жртвите и сторителите најчесто се млади лица и припадници на различни етнички заедници, членови на навивачки клубови на спортски тимови или поддржувачи на политички партии. Често се случува еден инцидент да ги исполнува критериумите за сомневање за постоење две или повеќе кривични дела, па одовде, бројот на кривични дела е поголем од бројот на инциденти.

Повеќето од наводните кривични дела вклучуваат: насилство (153), телесна и тешка телесна повреда (24), оштетување имот (7), разбојничка кражба (2), уништување симболи (4), предизвикување национална, расна, верска омраза, раздор и нетрпеливост (5), сериозна закана (1),

загрозување на сигурноста (3) и предизвикување општа опасност (2). Деталите од инцидентите, како што се краткиот опис, датумот, времето, местото, изворот на информации, инволвираните жртви, сторителите, статусот на случајот, одговорот на властите, влијанието врз жртвите и заедницата, се наоѓаат во Анексот на извештајот под наслов „Инциденти на злосторства од омраза за 2023 година". Во Анексот, исто така, се наоѓа поле за „пристрасни индикатори", инкорпорирано во секој одделен инцидент. Во ова поле се наведени податоци за: перцепција на жртвите/сведоците, коментирање на самото место, разлика меѓу жртвата и сторителот на основа на етничката припадност, модел/зачестеност на претходни инциденти, природа на насилството, отсуство на други мотиви и место и време.

Во јуни 2023 година, МХК го прати својот Годишен извештај за дела од омраза за 2023 година до ОБСЕ/ОДИХР[32] и сè уште е единствената невладина организација што систематски праќа информации до ОБСЕ/ОДИХР за состојбата со злосторствата од омраза во земјата.

Со само 2 регистрирани инциденти извршени врз основа на политичка припадност и убедување, може да се каже дека бројот на инциденти со политичка пристрасност продолжува да се намалува и оваа година како резултат на разрешувањето на многубројните долгогодишни внатрешни и надворешни политички проблеми, за разлика од претходните години, кога пред и за време на изборните процеси, бројот на инциденти од омраза врз основа на политичка определба значително се зголемуваше.[33]

Вториот најистакнат тренд се однесува на бројот на инциденти врз основа на македонското или албанското етничко потекло на сторителот/жртвата. Во 2013 година, овие инциденти изнесуваа дури 84 % од вкупните инциденти (98 од 116), додека, пак, во 2014 година тој процент беше 61 % (53 од 87). Во текот на 2015 година, само 36 % од инцидентите (16 од 44) се случиле меѓу Македонци и Албанци, во 2016 година процентот изнесувал 49 % од сите инциденти (34 од 70), а во 2017 година имало 29 инциденти (41 %). Во 2018 година, бројот на регистрирани инциденти на злосторства од омраза врз основа на етничкото потекло повторно се зголеми на 64 % (79 од 123) од сите регистрирани инциденти. Во 2019 година, 85 % од сите регистрирани инциденти (135 од 159), во 2020 година – 73 % (76 од 104) и во 2021 година – 36 % (29 од 80)[34]. Во 2023 година, овој вид инциденти и натаму беа најгорливата тема, дотолку повеќе ако се земе предвид дека големиот дел од жртвите и сторителите во овие инциденти се малолетници. 83,75 % (134 инциденти) од вкупниот број инциденти се случиле врз основа на различното етничко потекло на сторителот и жртвата.[35] И оваа година продолжува трендот на случување инциденти врз етничка основа и зазема 90 % од вкупниот број регистрирани случаи (197).

32 Види: http://hatecrime.osce.org/north-macedonia.

33 Сите регистрирани инциденти по овој основ се регистрирани во октомври 2021 година за време на одржувањето на локалните избори. Кај повеќето инциденти извршени како резултат на политичка определеност или политичко убедување, жртвите не се луѓе, туку правни лица како резултат на фактот што мнозинството од овие инциденти се однесуваат на штета на имот и нанесување материјална штета. Види повеќе на: https://mhc.org.mk/reports/godishen-izveshtaj-za-sostojbata-so-chovekovite-prava-vo-2021-godina/.

34 Во текот на 2021 година се регистрирани вкупно 80 инциденти, што е за 20 % помалку од 2020 година. Причина за намалениот број регистрирани инциденти е тоа што во 2020 година, МХК имаше порестриктивен пристап, а поради недостиг на повратни информации од МВР во врска со потенцијалните дела од омраза, ги регистриравме само оние дела за кои постоеја јасни индикатори дека се дела од омраза, додека, пак, за оние дела за кои нема доволно индикатори беше одлучено да не се објавуваат сè додека не се добие повратна информација од МВР. Види повеќе на: https://mhc.org.mk/reports/godishen-izveshtaj-za-sostojbata-so-chovekovite-prava-vo-2021-godina/.

35 Хелсиншки комитет за човекови права (2023). *Годишник за криминалот од омраза во 2023 година.* Достапно на: https://zlostorstvaodomraza.com/wp-content/uploads/2023/09/GODISEN-IZVESTAJ_ZLOSTORSTVA-OD-OMRAZA-2023_MK_ALB_ENG_PO653136_23.08.2023.pdf.

Видови кривични дела

Поголемиот дел од инцидентите биле извршени од страна на млади луѓе, додека, пак, голем дел од сторителите се непознати. Жртвите и сторителите вообичаено се припадници на различни етнички заедници, додека, пак, пријавените инциденти се поврзани со одредени кривични дела од Кривичниот законик: насилство (153), телесна и тешка телесна повреда (24), оштетување имот (7), разбојничка кражба (2), уништување симболи (4), предизвикување национална, расна, верска омраза, раздор и нетрпеливост (5), сериозна закана (1), загрозување на сигурноста (3) и предизвикување општа опасност (2). Многу често еден инцидент ги исполнува критериумите за две или повеќе кривични дела (пример: насилство и кражба), па одовде, бројот на кривични дела понекогаш е поголем од бројот на инциденти во податоците.[36]



Инциденти според местото

Поголемиот број инциденти (164) се случиле во Скопје и во околните општини. Во Тетово се случиле 16 инциденти, 3 инциденти во Гостивар и во Куманово, 2 во Битола, по 1 во Штип, Велес, Струмица, Крива Паланка и во Прилеп.

Повеќето градови се наоѓаат во региони населени од побројно етничко малцинство на етнички Албанци (Скопје, Куманово), етнички Македонци (Тетово и Гостивар) или неколку малцинства што заедно сочинуваат значителен дел од населението (Битола, Штип, Струмица, Прилеп, Велес, Крива Паланка). Дебар е меѓу ретките градови во кој живеат Македонци и Албанци, а каде што и оваа година нема регистрирано ниту едно злосторство од омраза.

36 Злосторствата од омраза се уредени со Кривичниот законик, додека, пак, инцидентите опфаќаат поголем обем на случаи во кои се вбројуваат прекршоци, како што се, на пр. графити од омраза, националистичко скандирање и така натаму.

Инциденти според месеци

Најголемиот број инциденти се случиле во септември (25). Во овој месец беа регистрирани инциденти меѓу млади лица од етнички мешани населби и/или училишта, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници. Во април и во јуни се случиле по 22 инциденти, 20 во октомври, по 18 во јули и во ноември, 17 во мај, 15 во август, по 14 во февруари и во декември, 7 во јануари и 5 во март.



Инциденти според пристрасна мотивација

Етничката основа (179 инциденти, 90,86 %) повторно го зазема најголемиот дел од основите за извршените злосторства од омраза во 2023 година. Мотивот во 2 инциденти претставува политичкото уверување и политичката определеност, 6 инциденти се случиле како резултат на религиозни уверувања, 2 инциденти се мотивирани од сексуална ориентација и 8 инциденти се случиле врз основа на некои други заштитени карактеристики.Жртви и сторители

	Етничка припадност	**179**
	Политичко уверување или политичка определба	**2**
	Религиозни уверувања	**6**
	Сексуална ориентација	**2**
	Други заштитени карактеристики	**8**

Жртви и сторители

Жртвите и сторителите најчесто се млади лица и припадници на различни етнички заедници, членови на навивачки клубови на спортски тимови или поддржувачи на политички партии. Хелсиншкиот комитет регистрираше вкупно 197 случаи во кои како жртви се јавуваат 213 лица и 292 сторители. Точниот број на сторители не може да биде определен поради недостигот на информации споделени од надлежните власти. 142 од 213 жртви се малолетници, а од 292, 132 сторители се малолетници.



Анализа на државниот систем за статистика за криминалот од омраза во јавните обвинителства и судовите во државата

Имајќи предвид дека регистрирањето и собирањето веродостојни статистички податоци за криминалот од омраза е од суштинско значење за ефективно формирање на политиките и за преземање соодветни мерки за справување со инцидентите мотивирани од омраза, проектниот тим обезбеди анализа на државниот систем за регистрирање и статистика за делата од омраза. Анализата ќе се фокусира на начинот на кој јавните обвинителства и судовите во земјата собираат податоци за злосторствата од омраза и ќе даде преглед на бројот на извршени кривични дела; кон кои групи се насочени; бројот на кривични дела што биле успешно идентификувани како злосторства од омраза; и информации за одлуките и изречените казни. Прегледот направен од проектниот тим по анализата на информациите добиени од јавните обвинителства и судовите е прикажан во Годишниот извештај за криминал од омраза во 2023 година.

За таа цел, Хелсиншкиот комитет за човекови права поднесе барања за информации од јавен карактер до сите основни јавни обвинителства и до сите судови во државата. Притоа, побарани беа податоци за кривичните пријави што во 2023 година биле поднесени до Основното јавно обвинителство и за обвинителните акти што обвинителството ги поднело до надлежниот суд за кривичните дела каде што постои елементот на омраза како отежнувачка околност.[37] Дополнително, јавните обвинителства во државата беа прашани за заштитените карактеристики од членот 122 став 42 за поднесените кривични пријави/обвинителни акти за секое од кривичните дела.

37 Член 123 став 2, член 130 став 2, член 131 став 2, член 139 став 2, член 140 став 2, член 142 став 2, член 144 став 3, член 155 став 2, член 186 став 6, член 187 став 2 и член 319.

Три јавни обвинителства (Ресен, Кавадарци и Гостивар) не одговорија на барањата за информации од јавен карактер. 14 основни јавни обвинителства одговорија дека немаат добиено кривични пријави, ниту, пак, имаат поднесено обвинителни акти за дела од омраза. Основното јавно обвинителство Скопје достави податоци за 108 добиени кривични пријави и 43 поднесени обвинителни акти, со напомена дека ниту кривичните пријави, ниту обвинителните акти не се добиени и поднесени врз основа на заштитените карактеристики од членот 122 став 42 од Кривичниот законик. Основното јавно обвинителство Куманово достави одговор за 68 добиени кривични пријави и 1 поднесен обвинителен акт. Сепак, ОЈО Куманово воопшто не достави информација за заштитените карактеристики во наведените пријави и обвинителни акти. Основното јавно обвинителство Кичево достави податок за 22 кривични пријави, со напомена дека врз основа на доставените пријави и сослушувањата на сведоците во обвинителството не е констатирано дека кривичното дело е сторено од омраза, бидејќи станува збор за случаи на семејно насилство. Дополнително, ОЈО Кичево извести за 5 поднесени казнени налози, со напомена дека при доставување на обвинението до надлежниот суд не го применува членот 122 став 42 од Кривичниот законик, туку се повикува на други законски основи. Само две обвинителства доставија јасен податок за кривични дела сторени од омраза. Основното јавно обвинителство во Битола нѐ извести дека во 2023 година примиле само една кривична пријава за кривичното дело „Загрозување на сигурноста сторено од омраза врз основа на етничко потекло“ против едно лице, при што јавниот обвинител поднел предлог за изрекување мерка на безбедност задолжително лекување и чување во здравствена установа до надлежен суд. Основното јавно обвинителство Велес, пак, примило две кривични пријави – една за кривичното дело „Телесна повреда од омраза“ и една кривична пријава за кривичното дело „Загрозување на сигурноста од омраза поради нерасчистени имотни односи“. Во врска со кривичните пријави, поднесени се два предлози за издавање казнен налог.

Судовите во државата беа прашани за бројот на добиени обвинителни акти и за бројот и видот на донесени одлуки за кривичните дела од омраза и за заштитените карактеристики од членот 122 став 42 од Кривичниот законик. 18 судови доставија одговор дека немаат добиено обвинителни акти за дела од омраза и, следствено на тоа, немаат донесено одлука.

Основниот суд Охрид и Основниот суд Неготино доставија податоци за примени обвинителни акти и донесени одлуки, но не ги наведоа заштитените карактеристики. Основниот суд Битола исто така достави податок за обвинителни акти и одлуки, но наведе дека во евиденцијата на програмата АКМИС на судот не се внесени заштитени карактеристики. Основниот суд Кочани достави податок за 3 примени обвинителни акти и 3 донесени осудителни пресуди за кривичното дело „Загрозување на сигурноста сторено од омраза“, но заштитените карактеристики не се спомнати. Основниот суд Велес известува дека во двата поднесени обвинителни акти за дела од омраза, всушност, не упатуваат на постоење заштитена карактеристика и не станува збор за дела сторени од омраза. Судот во 2023 година донел една ослободителна пресуда за кривичното дело „Загрозување на сигурноста сторено од омраза“ против физичко лице, *сторено поради претпоставена поврзаност на оштетениот што се однесува на Бугарска националност*. Основниот суд Гостивар и Основниот суд Кичево доставија податоци за обвинителни акти и пресуди, со напомена дека станува збор за случаи на семејно насилство, а не за дела од омраза.

Основниот суд Скопје достави листа на сите правосилни и примени предмети поврзани со бараните кривични дела. Судот напомнува дека во однос на прашањата поврзани со заштитените карактеристики од членот 122 став 42 од КЗ, системот не ги генерира тие податоци и единствениот начин за проверка е доколку се изврши увид во наведените пресуди, од кои дел (од оние што се веќе правосилни) се веќе достапни со бројот на предметот на веб-страницата на судот во анонимизирана форма.

ЛГБТИ ПРОГРАМА

КЛУЧНИ НАОДИ

Во 2023 година продолжи загрижувачкиот тренд на ескалација на антиродовите и анти-ЛГБТИ движењата, особено насочени кон трансродовата заедница. И покрај тоа што владејачката структура се поистоветува со левичарските идеали, имаше недостиг на значајна акција или одговор на нападите од страна на домашните антиродови структури, очигледно помогнати од надворешни фактори. Овој молк и неактивноста се во целосна спротивност со патот кон евроинтеграциските процеси, а нашите сегашни лидери ги оставаат ранливите заедници под зголемен ризик од дискриминација и насилство. Додека дејствуваме во овие предизвикувачки времиња, граѓанскиот сектор продолжи со посветеноста во застапувањето и поддршката на ЛГБТИ заедницата, водени од нашиот стремеж кон општество чии императиви се еднаквоста и човековите права за сите.

Од вкупниот број документирани случаи на Хелсиншкиот комитет, говорот на омраза кон сексуалните и родовите малцинства, регистрирани се вкупно 298 случаи или 19 % од вкупниот број регистрирани случаи. Омразата изразена во коментарите на социјалните мрежи насочени кон ЛГБТИ заедницата е евидентна, а е резултат на предрасудите, лажните вести и антиродовите движења и анти-ЛГБТИ движењата.

Бројот на случаи на говор на омраза покажува тренд на зголемување во одредени периоди, а тоа се: Меѓународниот ден на видливост на трансродовите лица, кога беше одржан Маршот за видливост на трансродовите лица, 17 мај – Меѓународниот ден против хомофобија, трансфобија и бифобија, и во јуни, месецот на гордоста, кога беа регистрирани рекорден број од 105 случаи (57 %) на говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет.

И покрај фактот дека се преземени чекори кон зголемување на заштитата на правата на ЛГБТИ заедницата, тие сѐ уште се изложени на огромен ризик од говор на омраза и злосторства од омраза. Направени се многу малку напори за воведување превентивни мерки, вклучително и едукација за човековите права и подигнување на јавната свест, особено кај средношколците и младите, имајќи предвид дека најголемиот дел од жртвите и значителен број сторители се малолетници или млади полнолетни лица.

Еден од најголемите предизвици со кој се соочуваме е недоволното пријавување на случаите на дискриминација, говор на омраза и злосторства од омраза. Сите истражувања во заедницата укажуваат на тоа дека тоа е резултат на недовербата во институциите.

Во текот на годината беа поднесени три кривични пријави за говор на омраза, од кои еден беше одбиен и за него беше поднесена апликација до Европскиот суд за човекови права во Стразбур. За другите два случаи нема одговор. Хелсиншкиот комитет документираше и два случаи на злосторства од омраза. Првиот случај беше напад на двајца геј-мажи во мал град и жртвите не сакаа да продолжат со случајот поради страв од понатамошна виктимизација. Во другиот случај стануваше збор за физички напад на странско лице во близина на простор што е препознатлив за ЛГБТИ заедницата. Иако жртвата не сакаше да продолжи со случајот пред државните органи, со оглед на тежината на кривичното дело, Хелсиншкиот комитет оствари средба со начелникот на Одделот за насилен криминал во ПС Кисела Вода. Беше добиена информација дека полицијата по службена должност ќе поднесе кривична

пријава за тешка телесна повреда. На барањето ова дело соодветно да се квалификува како злосторство од омраза, началникот му остави на јавниот обвинител да одлучи. До објавувањето на овој извештај нема нови информации за постапката.

Најмногу недостасува брза и ефикасна истрага и гонење на злосторствата од омраза и говорот на омраза со тоа што мотивите за пристрасност се земаат предвид во текот на кривичната постапка, преземање соодветни мерки за да се олесни пријавувањето на говорот и злосторствата од омраза од страна на жртвите (вклучително и мерки за градење доверба во полицијата и другите државни институции) и воспоставување и одржување соработка помеѓу институциите и граѓанските организации со цел намалување на говорот на омраза и злосторствата од омраза, како што се обука, поддршка на жртвите и зголемување на пријавувањето на овие случаи.

ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА ЛГБТИ ПРАВА

Во 2023 година ЛБТИ центарот за поддршка направи чекор натаму во заложбите за застапување за еднаквоста на ЛГБТИК+ во Северна Македонија. Првпат Центарот започна обиди за зголемување на застапеноста на ЛГБТИК+ во политичката сфера. На долг рок, ова гарантира дека различните гласови и перспективи на ЛГБТИК+ заедницата навистина се слушаат и се земаат предвид при креирањето политики. Ова е особено важно за изнаоѓање решенија за конкретни прашања, проблеми и потреби со кои се соочува заедницата, а кои инаку би можеле да бидат занемарени или маргинализирани. Политичкото зајакнување на ЛГБТИК+ им овозможува на претставниците на заедницата да се залагаат за законодавство што промовира еднаквост и се бори против предрасудите и дискриминацијата.

Овој процес, Центарот го започна во партнерство и поддршка од ЛГБТИК+ Виктори Институтот. Првиот чекор во овој процес беше одржувањето Летна школа за ЛГБТИК+ за политичко лидерство и општествени промени, која се одржа од 12 до 19 август во Охрид. Во текот на тренингот, учесниците навлегоа во комплексноста на политичкото лидерство и општествените промени, поттикнувајќи чувство на единство и зајакнување во ЛГБТИК+ заедницата. Проектот што ќе се реализира во следните четири години отвора можност за работа врз подигнување на свеста за важноста на политичката репрезентација на ЛГБТИК+ во самата заедница, мотивирајќи ги младите да станат дел од политичкиот живот, и зајакнување на заедницата преку континуирана едукација.

Националната мрежа против хомофобија и трансфобија имаше една средба со претставниците на Интерпартиската парламентарна ЛГБТИ група (ИППГ) со цел да се разговара за следните чекори за Законот за матична евиденција. ИППГ беше домаќин на одбележувањето на 17 мај – Меѓународниот ден против хомофобија, трансфобијата и бифобија. Пратеничката Маја Морачанин, координаторка на ИППГ, рече дека интерпартиската група од самото формирање останува посветена на унапредувањето на правата на ЛГБТИ луѓето, кои, во суштина, се човекови права. Застапувањето со оваа група продолжува да биде силна алатка за унапредување на состојбата со човековите права на ЛГБТИ лицата. Следен предизвик ќе биде формирањето на ИППГ во новиот парламентарен состав по парламентарните избори во мај 2024 година.

КУЛТУРНО – СОЦИЈАЛЕН ЦЕНТАР „КОМИТЕТ“

Културно-социјалниот простор „Комитет“ веќе е препознаен како локален квир-центар за различни активности на заедницата, како што се културни и социјални настани, филмски вечери, вечери на друштвени игри и состаноци. „Комитет“ е платформа за независни колективи на квир-уметници, особено за дрег-уметници. Во 2023 година, „Комитет“ беше домаќин

на различни организации што реализираа свои активности, како што се курсеви за обука и еднодневни работилници, семинари, панел-дискусии итн. Настаните беа организирани од организации што работат на теми за ЛГБТИ, но, исто така, и мноштво сојузнички организации од невладиниот сектор што дејствуваат во полето на правата на жените, човековите права, сексуалните и репродуктивните права итн. „Комитет" одржа 30 работилници и предавања, 22 состаноци, 7 полуотворени настани на неформални групи, 1 изложба и околу 80 социјални настани отворени за јавноста. „Комитет" беше местото каде што беа одржани голем број настани во рамките на Скопје Прајд.

Во јуни 2023 година се одржа Скопје Прајд викендот, фестивал за квир-уметност и култура. Главната кураторска тема на овогодишното издание беше „КВИР-ХРОНОПОЛИТИКИ: Историја, афекти, утопии". Посебен акцент беше ставен на преиспитувањето на хегемонистичките националистички историографски наративи и политики на националните архиви, нивните стратегии за бришење, исклучување и игнорирање на невидливите и тајните истории на сексуалните и родовите малцинства и нивните искуства, како и можностите за ревизија, препрочитување, препишување и презамислување на историските (отсутни) траги и гласови и ефемерните архиви на квир-луѓето. Фестивалот траеше од 1 јуни до 13 јуни. Фестивалските настани ги посетија од 1 500 до 1 700 посетители, а информации за ова издание беа објавени во повеќе од 70 медиуми.

ПАРАДА НА ГОРДОСТА

Четвртата Парада на гордоста во Скопје ја одбележаа силни и храбри пораки за еднаквост, достоинство и љубов. Нашата сегашна реалност е полна со омраза, насилство и агресија кон ЛГБТИ заедницата, особено со засилените антиродови и анти-ЛГБТИ движења, но улиците на Скопје на 24 јуни беа полни со голем број насмеани и позитивни луѓе, членови на ЛГБТИ заедницата и поддржувачи, кои заедно маршираа обединети во борбата за еднакви права за сите.

Парадата на гордоста се отвори како платформа и за многу други каузи и групи што сакаа да ја пренесат својата порака до јавноста, да бидат повидливи и препознаени со своите симболи. Појдовна точка беше паркот „Жена борец" од каде што беа пратени главните пораки на Скопје Прајд. Маршот се одржа во попладневните часови низ центарот на Скопје, а крајна точка беше стадионот на АРМ во Градскиот парк, каде што се одржа целовечерна културна програма исполнета со дрег-перформанси, музички настапи во живо и настапи на диџеи. Заедницата и поддржувачите придонесоа да се создаде атмосфера на заедништво и солидарност. Скопје Прајд, како настан што ги отфрла оковите на стигмата, системското и семејното насилство, успеа да го стави јавниот фокус на еднаквоста и различноста наспроти омразата и нетрпеливоста. За Парадата на гордоста 2023 беа објавени над 120 содржини во 73 медиуми.

СИГУРНА КУЌА

Според евидентираните случаи на шелтер-центарот Сигурна куќа за 2023 година, семејното насилство и родово базираното насилство сè уште во најголем процент остануваат доминантниот облик на насилство, поради кое ЛГБТИ+ лицата бараат сместување во шелтер-центарот Сигурна куќа.

Неприфаќањето од семејствата, психичкото насилство и бркањето од дома поради различната сексуална ориентација и/или родовиот идентитет се главните причини што корисниците на услугите на шелтер-центарот Сигурна куќа ги наведуваат како ризици со кои се

соочуваат во нивните биолошки семејства. Покрај глобалната економска криза што со себе носи ризици од невработеност, која драстично повеќе ги погодува ЛГБТИ+ лицата и ги онемозможува да ја обезбедат својата економска независност, што, пак, ги условува да останат во домот каде што трпат насилство, дополнителен ризик за ЛГБТИ+ лицата носи сè поголемиот замав на антиродовите движења, кои промовираат мизогинија, хомофобија и трансфобија и претставуваат директна закана за безбедноста на ЛГБТИ+ лицата.

Во таа насока, безбедното и доверливо окружување што го нудиме во шелт шелтер-центарот Сигурна куќа е од суштинско значење за процесот на прекинување на кругот на насилството и за процесот на зајакнување на менталното и физичкото здравје на најмаргинализираните членови на ЛГБТИ+ заедницата. Во периодот од јануари до декември 2023 година, шелтер-центарот Сигурна куќа ги обезбеди следниве сервиси: 7 згрижени корисници/-чки, 8 услуги од доменот на социјалната заштита, 8 случаи на правна помош и советување, 5 индивидуални психолошки советувања и психотерапија и 4 психијатриски услуги.

САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ЧОВЕКОВАТА ДИМЕНЗИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО СО ОБСЕ

Првпат во својата историја, Република Северна Македонија ја презема водечката улога во Организацијата за безбедност и соработка на Европа (ОБСЕ) како претседавач за 2023 година.

ОБСЕ е најголемата светска регионална безбедносна организација што опфаќа 57 држави учеснички од Европа, Северна Америка и од Азија.

Поврзаноста помеѓу Хелсиншкиот комитет за човекови права и ОБСЕ потекнува од потпишувањето на Хелсиншкиот финален акт во 1975 година, со што започнува дејствувањето на Хелсиншките комитети во регионот на ОБСЕ. Понатамошната поврзаност е во тројната поделба на димензиите на дејствувањето на ОБСЕ, а тоа се: политичко-воената, економско-еколошката и човековата. Со областите на своето работење, Хелсиншкиот комитет соодветствува со третата димензија на човековите права.

Во 2022 и 2023 година, Комитетот во соработка со партнерските организации – Македонско здружение на млади правници и Институтот за европска политика (ЕПИ) го спроведуваа проектот „Самоевалуација на човековата димензија за време на претседателството со ОБСЕ“, каде што методолошки беа мапирани шест клучни области на човековите права што беа следени во текот на времетраењето на проектот.

Според сопствената експертиза, секоја од организациите презеде две области, што резултираше со Извештајот за самоевалуација – документ што дава приказ за ситуацијата со човековите права во областите: говор на омраза и дела од омраза, родова еднаквост, трговија со луѓе, слобода на изразување и здружување, заштита на национални малцинства и набљудување на избори.

Во ноември 2023 година, овој процес резултираше со Паралелната конференција за граѓанско општество, првиот настан што ја одбележи завршницата на претседавањето на Република Северна Македонија со ОБСЕ. Конференцијата беше организирана од страна на Комитетот и партнерите во соработка со Платформата за граѓанска солидарност – мрежа на граѓански организации во регионот на ОБСЕ.

Конференцијата што се одржа на 29 ноември 2023 година собра повеќе од 120 претставници на граѓанското општество, а беше донесена Скопска декларација со која се нагласува потребата за прекин на војната против Украина, за зајакнување на граѓанското општество и од земјите учеснички се бара да продолжат со нивните заложби за човековата димензија. Уранија Пировска, извршната директорка на Хелсиншкиот комитет за човекови права, ги презентираше наодите од областите: говор и дела од омраза и родови прашања.

Наоди од Извештајот за самоевалуација

Феномените на говор на омраза и дела од омраза во Република Северна Македонија се многу опасни, бидејќи државата е мултикултурна, мултиетничка, мултиконфесионална држава, па оттука, многу е важно да се воспостави прифаќање на различностите во општеството. А токму говорот на омраза и делата од омраза покажуваат дека во едно општество има голема поларизација. Најголем број од случаите на дела од омраза се врз основа на етничка припадност, што многу говори за односите меѓу етничките заедници и за фактот дека Република Северна Македонија не вложи доволно во прифаќањето на различностите. Во зависност од секоја политичка ситуација, кај нас се зголемува и бројот на случаите на говор и инцидентите и кривичните дела од омраза.

Недостига соодветен одговор од органите на прогонот кога станува збор за говор и дела од омраза. Има само пет пресуди за говор на омраза, а тој говор на омраза е секојдневие. Говорот на омраза особено е распространет на социјалните мрежи, а лица што шират говор на омраза имаат влијание во јавната сфера.

Република Северна Македонија е единствената држава во регионот во која не постои државна институција што секојдневно би прибирала податоци за овие кривични дела. Тоа го прави Хелсиншкиот комитет преку две платформи, а од 2013 година со поддршка на мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Родовите прашања станаа особено важни во моментот кога се направи обид да се стесни просторот на жените на избор кога станува збор за нивното тело, односно за спречување бременост.

Жените во Република Северна Македонија се ранлива категорија. Имаме голем процент на фемициди, при што сме констатирале дека сите надлежни органи што требало да постапуваат и да ја заштитат жртвата не ги презеле соодветните мерки со цел таа жртва да биде безбедна и насилникот да биде отстранет. Напротив, кај нас се случува обратното. Поради економската зависност, најчесто се случува жената со своите деца да го напушти домот и да бара шелтер-центар, а насилникот да остане во домот и повторно поради органите на прогонот, односно судот, кој наместо во истиот момент да донесе времена мерка со цел насилникот да нема пристап во домот, не го прави тоа.

Жените се експлоатирани, особено во текстилната индустрија каде што се помалку платени, а во државната администрација, иако повеќе од 60 отсто се жени, нивните плати не се еднакви со машките државни службеници. Истовремено, антиродовите движења земаат огромен замав. Во Република Северна Македонија не се постигна успех за да се донесе Закон за родова еднаквост, затоа што за антиродовите движења, родот е многу опасна работа да биде дефиниран како што е во предлог-законот, бидејќи тоа значи дека ќе им се дадат права и визибилност на трансродовите лица. Токму затоа не се донесе тој закон, бидејќи партиите калкулираат пред изборите дека ќе изгубат политички поени. Истото се случи со Законот за матична евиденција.

Граѓанскиот сектор се наоѓа на маргините на општеството. Советот за соработка и развој на владата и граѓанскиот сектор престана да функционира, бидејќи членовите ја бојкотираат неговата работа поради тоа што без консултација со членовите беше сменето неговото функционирање, а средствата беа пренасочени. Тоа покажува назадување кога станува збор за восприемањето на граѓанскиот сектор од страна на власта.